**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Деветото продолжение на Сто и четвртата**
**седница на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 16 мај 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господинот Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, продолжуваме со работа по 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитар Батковски, Ѓулистана Марковска и Амди Бајрам дополнително ме известија дека и за денешната расправа нема да бидат присутни.

Продолжуваме со Третата точка од дневниот ред Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон.

Завршивме расправа по амандман 4.

На ред е амандманот 7, поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

За гласање ќе оставиме за подоцна да се произнесе Собранието.

Процедурално г-динот Бузлевски.

Г-дине Бузлевски да не се повтори вчерашната работа, ако одите надвор од она што е пропишано со Деловникот ќе кажете во што е повредена процедурата, па потоа ќе продолжиме,а ако не веднаш ќе ви го одземам зборот. Повелете.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, процедурално ќе интервенеирам заради следното:

Група пратеници имаме поднесено повеќе амандмани кои се поврзани меѓусебе. Прифаќањето на некој амандман или позитивно изгласување на некој амандман ќе предизвика повлекување на некој наш следен амандман, бидејки амандманите се поврзани меѓу себе.

Затоа би било во ред да одиме со работа со завршување на расправата и гласање по амандманите за да во следните наши активности имаме можност да останеме на амандманот или да го повлечеме амандманот. Тоа е мојата процедурална интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, држи дека се работи за процедурално мислење.

Господа, причината за која барате ако некој амандман се уважи другите ќе треба да бидат повлечени. За време на гласањето, кој има интерес да остане за тој амандман, по проверка на гласање за секој амандман наредниот ќе можете да го повлечете или да останете на него, што значи дека не се нарушува нешто во поглед на содржината на работата.

Мислењето дека е подобро не го менува текот на седницата.

Одиме понатаму.

Поминуваме на амандман 8, поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски.

Бидејки за овој амандман немаме став на Владата, го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Група пратеници имаат поднесено амандман на член 13 став 1, со кој предлагаат членот 25 став 1 по точката 4 се додава нова точка 4-а која гласи:

"Капитални вложувања на банка во друга банка". Амандманот...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, дајте да дадеме можност на предлагачот да се произнесе по Предлогот.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Амандманот го поднесуваме заради следната причина:

Сакаме да го вратиме постојното решение на овој член и сметаме дека постојното решение кое до сега важеше беше поефикасно и во согласност со системската поставеност на банкарското работење во Република Македонија.

Јас би го замолил претставникот на Владата, ако се согласи, да ги образложи причините заради кои Владата смета дека треба да се промени досегашната одредба од законот, бидејки после тоа може да процениме дали ќе останеме на предлогот, а ако не убеди во причините може да го повлечеме овој амандман. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали претставникот на Владата ќе го прифати објаснувањето или не?

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би дал само накратко во врска со амандманот 8 кој го предлагаат пратениците. Би објаснил дека капитално вложување подразбира и купување на акции и тоа барем на една акција на една банка во друга банка.

Тоа би било моето кратко објаснување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Повторно се јавува г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ако се погледа амандманот кој го предлагаме и оттаму ми е нејасна причината зошто не се прифаќа нашиот амандман. Ние предлагаме по точка 4 во Законот за банки да се додаде нова точка 4-а која има иста содржина како предлогот за измена и дополнување на Законот за банки.

Бидејки точката 4-а која ја предлагаме да се внесе во член 25 од Законот е 4-а - цитирам "капитални вложувања на банка во друга банка". Меѓутоа, со тоа додаваме нова точка 4-а тоа само по себе подразбира дека предлагаме да се задржи точката 4, а точката 4 е купување акции во друга банка. Тоа значи дека ние не сме против идејата дека купувањето акции значи капитално вложување, но сакаме да се задржи формулацијата купување на акции во друга банка заради тоа што сметаме дека е многу поцелисходно купувањето на акции да се врши преку парични облици т.е. со плаќање со пари, како и до сега, затоа што акцијата подразбира по дефиниција вредносен лист кој е како резултат на претходна трансформација од паричен облик.

Затоа мислам дека овој амандман е целисходен, бидејки ја задржува сегашната регулатива и додава можност гувернерот на Народна банка може да даде претходна согласност и на капитални вложувања од банка во банка. Дали тоа ќе биде со капитал во вид на основни средства кој е мобилен или не мобилен, тоа е Веќе одлука на гувернерот.

Затоа почитувани пратеници, сметам дека би било сосема во ред да се задржи досеганата формулација, да се додаде точка 4-а која е во согласност со предлогот на измените и дополнувањата на Законот кој се нудат и во тој случај ќе имаме поголема прецизност, а заради преголемата прецизност и диреkна можност на гувернерот да одлучува како ќе ја даде претходната согласност дали по точка 4 или по точка 4-а која ја предлагаме да се дополни. Тоа значи имаме констуктивен приод за кој сакаме да се допрецизира членот 25 со додавањето на точка 4-а која е иста со предлогот што вие го предлагате г-дине заменик министер.

Оттаму мислам дека со тоа што се дополнуваме едни со други имаме согласнсот и требаше овој амандман да го прифатите како Влада. Тоа е моја сугестија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам г-дине Бузлевски.

Дали некој друг бара збор?

(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот, а амандманто за

одлука ќе го ставам на гласање подоцна.

Продолжуваме понатаму по амандманот 9.

Отворам претрес по амандманот на член 14, за бришење на став 1, поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Господин Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Амандманот 9 се однесува на член 14 од Законот, а членот 14 од Законот за измени и дополнувања на Законот за банки сакаме да го подобриме со тоа што предлагаме ставот 1 од член 14 да се брише.

Ставот 1 во Предлогот за измени и дополнувања на Законот за баки е следен:

Во членот 26 став 1 точка 6 се менува и гласи:

"Капитални вложувања на банка во финансиска или нефинансиска институција".

Членот 26 од Законот за банки кој до сега е на сила , а кој е донесен од овој Парламент, да напоменам , се однесува на обврски кои банката е должна да ги исполни спрема Народна банка во вид на известување на Народната банка за зголемување на капиталот на Банката, за промени на сопственичката структура на акциите со право на управување, за големата кредитна задолженост и кредитната изложеност, за основање и укинување на делови на банки во земјата и во странство во вид на филијали или експозитури, промена во составот на органите на банката и шестата точка - оснивачки вложувања на банка во други субјекти во земјата и странство.

Токму предлогот за измена и дополнување на Законот за баки се однесува на оваа точка со кој предлог се бара оваа точка шест да се преформулира во вид на капитални вложувања на банката во финансиска или не финансиска институција.

Предлагаме да се брише предложената измена во член 14 за да остане старото решение т.е. да остане досегашната пракса банката да биде должна да ја извести Народната банка за своите активности кои се однесуваат на полето на оснивачки вложувања на банката во други субјекти.

Овој поим сам по себе опфаќа дека и за капиталните вложувања на Банката во други субјекти во земјата и странство е должна Банката да ја извести Народната банка.

Бидејки досегашната формулација во Законот е по прецизна и со оглед на тоа што со таа формулација се строго определени активностите на Банката кои се формулирани по терминологијата оснивачки вложувања заради стабилноста на банката и оневозможување на можноста за упаѓање на таа банка преку одредено капитално вложување во вид на основни средства кои се добиени како резултат на активирани хипотеки од коминтенти на една банка кои, како побарувања, се активирани и реаизирани преку судска постапка, да се оневозможи на таков начин таа банка да влезе со немобилен капитал во друга банка и го наруши дотогашното добро работење на другата банка, бидејки капиталот не е мобилен и тој како капитално вложување не може да носи дивиденда и да се третира како мобилен капитал кој се подразбира дека може да носи дивиденда.

Токму поради тоа почитувани пратеници, предлагаме да се задржи досегашната формулација , да остане обврската на банката да ја извести Народна банка дека Деловната банка е должна да ја извести Народната банка за сите свои оснивачки вложувања во други субјекти во земјата и во странство.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ**: (продолжение)

Да дадеме предност на позицијата и опозицијата да го преоцени тој предлог. Мислиме дека имаме конструктивен приод во процедурата за носење на овој закон, поготово кон членот 26, што по нас е суштинска формулација и нашата ја задоволува

потребата од задржување на интегритетот на банкарскиот систем.

Во таа смисла, ова објаснување мислам дека ќе биде доволно да се прифати нашиот амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би сакал да дадам едно појаснување , зошто не го прифативме амандманот 9 оваа измена е направена по предлог на Народна банка а со цел супервизијата да има целосна контрола на сите капитални вложувања, а не само на основачките вложувања на банката во другите субјекти. На тој начин, супервизијата на Народната банка, контролира дали банките ги почитуваат стандардидте на законот за сите капитални вложувања на банката во други субјекти.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по овој амандман и за одлучување на Собранието го ставам подоцна.

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 18, поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Иловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот за одлучување ќе го ставиме подоцна.

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 19 поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Иловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ**:

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот за одлучување ќе го ставиме подоцна.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 32 поднесен од пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Или-ја Иловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

' Амандманот 13 кој што го имаат предложено се однесува на член 32.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се работи за членот 12 г-дине Бузлевски. Барем така кај мене стои, ако не е грешка.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Тој е. Тоа е нумеричка грешка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро. Тоа е нумеричка грешка.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Тој се однесува на членот 32 , со кој што се предлага од наша страна да се овозможи, податоците за штедни влогови и за сите депозити во банката на физички и правни лица, како и податоци за работење на физичкитен лица преку жиро сметки и тековни сметки и работењето на правни лица, преку жиро сметки , кои што се третираат како деловна тајна, може да се соопштат со писмено барање од Судот и од Народна банка, а нашиот предлог е да се додаде после Народна банка, или согласност со закон.

Тоа значи, бараме можност ако во .РМ има посебни закони, кои што се однесуваат на потребата од сузбивање на одредени нелегални дејности и ако во тие закони е предвидено да можат податоците да се доставаат согласно одредбите од тие закони на субјекти кои се во вид на институции задолжени да ја следат таа

негативна дејнсот, согласно со тој закон да можат податоците да се дадат на институција во државата на која што и требаат тие податоци. Тоа значи да даваме можност за проширување на ингеренциите за доставување на податоци според одредбите под закони кои се во функција на сузбивање на одредена негативна појава во РМ, а кои што се регулирани *со* посебни закони и токму заради тоа, ние предлагаме на писмено барање на Судот да се достават податоците, од Народна банка, или согласно *со* закон, како што е регулирано. Мислиме на некој специјален закон, кој што ја третира одредена материја, како што беше Законот за перење на пари, кој што го донесовме ние доста брзо во овој Парламент.

Одтаму сметам дека барем оваа наша идеја , овој наш предлог ќе биде прифатен од предлагачот на законот, но еве слушнавме дека тоа не се прифаќа.

**ТОМКСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би сакал да дадам едно кратко објаснување, во врска со амандманот 13. Народната банка како институција е регулирана со Зако-нот за народна банка. А супервизијата, како нејзина функција е точно утврдена и во Законот за Народна банка и во Законот за банки. Значи, нивното вршење на дејноста е согласно Законот и нема потреба од ова додавање на овој амандман.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јасна ни е на нас поставеноста на Народна банка, јасни ни се функциите на Народна банка и надлежностите на Народна банка. Овде се работи не за супервизија, се работи за доставување на податоци за штедни влогови, за депозити и за промет преку жиро сметки на банката со оглед на тоа што платниот промет е лоциран во деловното банкарство. .Се работи за податоци кои што можат да се достават преку писмено барање од Судот, од Народна банка. Значи се работи за податоци, кои што се бараат од деловното банкарство, или согласно со Закон. На пр. ако бара податоци од деловната банка, Агенцијата за сузбивање на перењето на пари, да може согласно со тој закон, а бидејќи таа иснтитуција е формирана во РМ да добие податок , значи, ја прошируваме можноста и ја скратуваме постапката за поефикасно работење на оргните кои се задолжени да ги следат тековите, односно паричните текови и врз основа на нивната висина да проценуваат , кои се легални, а кои не се легални. Тоа е идејата на амандманот а не за супервизија. Значи за проширување на омжност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг се јавува за збор? (никој)

Го заклучувам претресот по амандманот и за одлука на Собранието ќе го поставам подоцна.

Во меѓувреме пратеникот Илија Иловски поднесе амандман за бришење на членот 2 , по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани членови на Владата, колеги пратеници,

Сакам да укажам на фактот дека овој мој амандман за бришење на членот 2 се однесува за следното: Да ве потсетам дека во општиот претрес по текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за банки, јас говорев дека еден од многу лошите законски решенија, предложени во новиот текст за измена на Законот за банки е токму она што се однесува на измена на членот 4 од постојниот Закон и заедно со моите колеги пратеници од СДСМ пратениците Никола Поповски и Димитар Бузлевски го потпишав амандманот 4. Овој амандман нов сега што го доставувам за комплетно бришење на членот 2 од Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за банки, мислам дека во голема мерка го подобрува текстот на Законот, со смаиот чин на враќање на старото решение. Дозволете на сите да им стане појасно за што конкретно се

работи.Во општиот претрес, а и по расправата по 4-тиот амандман заедно со групата пратеници на СДСМ укажав на еден факт дека со овој предлог, што Владата ни го нуди овде за измена на членот 4 од постој-ниот Закон за банки се прејудицира носењето на Законот за банки во микрофинансирање кој не е на оваа седница, меѓутоа, треба да се приз-нае, не ја знаеме неговата судбина дали воопшто ќе се изгласа на овој Парламент.

Значи, тргнувајќи од таа претпоставка од аспект на предложентие решенија, членот 2 што ни се нуди овде, се уредува заради имплементацијa на Предлог законот за банки за микрофинансирање, се сака да се отвори една празна рамка врз тој закон, до колку биде донесен, да не се однесуваат одредбите од Законот за банки. Логично е следното: Ако веќе постои базичен закон за банките, сите банки што ги има и други депозитно кредитни институции во државата да се подведат по одредбите на тој Закон, без разлика на целта, намената или потребата , заради кои тие финансиски институции се основаат. Во бразложението кога го претресуваме предлогот на текстот на законот, само ќе ги потсетам колегите пратеници на еден конретен случај, што е во рамки на оваа материја. На пр, со посебен закон на РМ е основана Македонската банка за поддршка на развојот "Службен весник на РМ" број 24/98, но и за таква банка со посебен датум формирана, секаде се повторува во тие базични членови на тој Закон, дека одредбите од Законот за банки важат за таа банка формирана со посебен закон. Ние во членот 3 од тој Закон децидно утврдивме дека Македонска банка за подршка на развојот работи според одредбите на Законот за банките. Затоа, заради воспоставување на повисоко ниво на финансиска дисциплина, стандардизација на правата и надлежностите на сите финансиски институции во држа-вата, предложената измена вака како што предлагачот ни ја нуди е на-вистина за нас неприфатлива. Не само што се прејудицира носењето на Законот за банки за микрофинансирање, туку сега доаѓаме навистина, во една нон сенс ситуација и веќе постоечкиот посебен закон за формирање на банката за подршка за развојот, треба да се отстапува од одредбите на базичниот закон кој ја регулира банкарската сфера во '.РМ.

Кога расправаме по амандманот 4 , поднесен од група пратеници на СДСМ , исто така, за жал, не се прифати тогаш, укажувам на еден ноторен факт. Овде паралела повлекува повторно помеѓу Уставот и законите кои произлегуваат од Уставот. Еве на пр. во еден Службен весник каде има повеќе закони, а го носам со себе токму поради оваа материја, тука е објавен и Законот за банки за кој денеска расправаме, при секое објавување , дозволете паушално да земам било кој Закон, пишува вака: На пр, врз основа на член 75, ставовите 1 и 2 од Уставот на ᴦ.РМ, претседател на'РМ и претседателот на Собранието, издаваат Указ за прогласување на Законот за банките. Што значи тоа? Тоа значи законската материја од понизок ранг, т.е. законите произлегуваат од Уставот, а неможе да биде обратно. А со овој предлог, токму влечејќи ја оваа паралела, сакам да докажам дека токму Владата ни го предлага обратното. Обратното во овој контекст би значело, согласно законот тој и тој, се прогласува Уставот на РМ, или согласно законот за банки го... Уставот на РМ. Значи, со оваа паралела сакам да ви кажам дека токму Владата со овој предлог на закон за измени и дополнување на Законот за банки нам ни го нуди тоа.

Во членот 4, постоечкиот Закон, постоечкиот текст, членот 4 гласи: "Одредбите на овој Закон се однесуваат и на банки основани со посебен закон", што значи дека тоа е потекцирано, а потенцирано е од една проста причина, што овој е базичниот закон што ја регулира работата на сите банкарски финснсиски институции во државата.

Сега ни се предлага следното решение. Вели во членот 4 претходно што го прочитав членот од постоечкиот Закон, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите:"освен ако по тој Закон не се поинаку уреднеи". Ви семолам сега ние го носиме базичниот закон за банки утре или задутре ќе го донесеме, или другата недела ќе го донесеме законот за банки за микрофинансирање, еднаш веќе претходно е донесен Законот за банката, односно Законот за македонската банка за подршка на развојот и сега произлегува тии финансиски институции или банки да ги

наречеме, без разлика со која намена се формираат дека тие по своите членови , ќе имаат поголема самостојност, како банки со посебен закон формирани од оние банки што се формирани со базичниот Закон за банки. Навистина доаѓаме во една ситуација каде што помалиот брат го правиме дека е постар и помоќен.

Затоа, јас како што претходно нагласив го потпишав амандманот 4 од групата пратеници во смисла да се стави следна одредба: Во членот 2 после зборот "уредба", се додаваат зборовите "до колку не е во спротивност со овој Закон". Со таа реченица се потенцираше значењето на базичниот закон за банки, а сега во една видоизменета форма го поднесувам овој мој амандман, каде што барам да се избрише, бидејќи немаше расположение на претходните материјални расправи по 4-тиот амандман од групата пратеници да се прифати како такво решение и цврсто сум убеден дека нашиот предлог , значи комплетно да се брише членот 2, да си остане постојното решение во членот 4 на Законот за банки е многу подобро и поадекватно, за да го зачува интегритетот на целокупниот банкарски систем во .РМ. Во спротивно, свесно, се надевам дека не е свесно меѓутоа, несвесно предизвикуваме несакани последици и правиме дисперзија во банкарскиот систем на РМ и даваме огромен простор на сите кои работат, согласно овие законски проекти , да имаат голем простор за субјективни толкувања на одредени членови и да не се знае никогаш дали е поважен членот од законот за банката за микрофинансирање или поважен членот од базичниот закон за банки, кој е базичен и се однесува на сите финансиско-кредитни институции , кои се формираат во државата, без разлика на целта и намената. И ако претставникот на Владата има поинакво мислење, или има други контра аргументи што јас ги изнесов, би било добро да каже пред сите нас овде , а пред се за пратениците да се убедат која преднос е поадекватна.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ**: (продолжение)

Овде не се работи за ренумерирање на членовите од Законот, не се работи за некои технички дополнувања. Напротив овде се работи во суштинско прашање и добро би било од негова страна да слушнеме некое образложение со контра аргументи дека овие наши предлози не пијат вода од тие и тие причини.

На крајот г. потпретседателе сакав да ви укажам, немојте да ме прекинувате, иако малку ќе излезам од контекстот на дискусијата по амандманот, чисто од процедурални причини. Ако ние сега не можеме да се разбереме овде со претставникот на Владата, а гледам дека ниту еден член на Парламентот што седат од мојата лева страна, не слушаат што зборуваме, не ми е јасно како утре, со која свест и совест ќе гласаме по амандманите. Така што многу по продуктивна ќе беше работата денес ако одевме амандман по амандман, или ги усвојуваме или ги одбиваме. Меѓутоа сега така тргнавме да работиме, така се согласи Парламентот, јас се вклопувам во тој систем на работа.

Сега да се вратам на суштинското прашање.

Добро би било претставникот на Владата да ми одговори зошто не се прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има г. Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Сепак би сакал да дадам едно појаснување затоа што пратеникот Илија Илоски, зборуваше.

Сакам да кажам дека Законот за банки е основен закон за сите банки во РМ. Меѓутоа со создавањето на посебни закони се регулираат и специфичностите на тие посебни банки, вклучувајќи ја и Македонска банка за поддршка на развојот и Банката за микрофинансирање, што го имаме во дневниот ред на оваа седница и ќе се разјасни дали предлогот за банката за микрофинансирање не е во споривност на Законот за банки и неги крши неговите принципи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Со образложението што го слушнав се согласувам и јас, бидејќи и јас истото го имам напишано во образложението, зошто членот 2 се брише.

Заменикот министер кој овде е во функција да го брани законот кажува дека Законот за банки е базичен закон кој ја регулира законската регулатива во сферата на банкарското работење и кај банките и кај штедилниците и другите депозитни и кредитни институции во државата. Истото тоа јас го пишувам во моето образложение и се согласувам со вас дека тоа е така. Тоа е суштинското прашање. Бидејќи е така тоа ние не можеме да дозволиме, без разлика дали се работи за порано формираната банка со посебен закон Македонската банка за поддршка на развојот или утре би се работело, хипотетички ако се донесе законот за банки за микрофинансирање, да дозволиме да се отстапува од базичните одредби на законот кој ја регулира таа сфера на банкарското работење. Токму сега вие го потенцирате значењето на банките формирани со посебни закони, како преходно што е формирана Македонска банка за поддршка на развојот и таа друга банка што имаме намера да ја формираме, банката за микрофинансирање, затоа што основниот член, г. заменик министер,погледајте го постоечкиот текст од основниот закон, членот 4, одредбите на овој закон се однесуваат и на банки основани со посебен закон. Не случајно тогаш законодавецот се одлучил да стави една ваква одредба за да го потенцира значењето на базичниот закон кој ја регулира оваа материја во банкарската сфера. Вие сега со измената, со членот 2 од предложените измени велите дека тоа е така, освен ако со тој закон не е поинаку уредено. Ви се молам , ако и вие самите потенцирате дека токму овој базичен закон ќе ја регулира целокупната сфера на банкарскиот систем на РМ, не може да потенцирате, освен со овој, а не со тој некој закон, бидејќи сите тие закони произлегуваат од тој базичен закон. Мислам дека ме разбирате. Тоа е исто, да се повторувам, бидејќи си станав досаден на себе, не може вие врз основа на Закон за банки да прогласите Устав. Вие можете, врз основа на некој членови од Уставот да прогласите Закон за банка, како понизок правен акт. Затоа не смета членот 2 да се брише. Уште подобро ќе беше да останеше амандманот IV, од групата пратеници каде велиме, до колку не е во спротивност со овој закон, а не со тој закон. Значи во образложенијата имаме од прилика исти размислувања, бидејќи сите сме свесни што е базична материја, што е материја која произлегува од базичната материја, а во конкретните решенија кои пак во практицирање навистина ќе прават одредени дистрозии, останувате на вашето решение. Тука не сте ми јасни, докторе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот по овој амандман и истиот дополнителнло ќе го ставиме за одлучување пред Собранието со гласање.

Во меѓувреме пратеникот Илија Илоски поднесе амандмани за додавање нов член 19-а, за додавање нов член 19-б, за додавање нов член 19-в, и на член 40, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а, поднесен од пратеникот Илија Илоски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Господине потпретседателе, јас би ве замолил, бидејќи овој амандман е ист со амандманот V, а тој амандман го гласавме, па би било добро да поминеме на следниот амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагачот е поинаков. Таму се четворица а овде е само еден.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Овој амандман е само на Илија Илоски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јавува нов предлагач каде има апсолутно право.

Ве молам, кажете го вашиот став по амандманот.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Ве молам, за кој амандман зборуваме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандман I за додавање на нов член 19-а.

Овој амандман сега е нов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Затоа кажав, го имам амандманот број V на Илија Илоски. Тоа е ист и ние веќе гласавме по

истиот. Не на група пратеници. Тој амандман беше на Илија Илоски број 1039/3.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Таков податок немаме.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас се согласувам со тоа што го зборуваше претставникот на Владата дека овој амандман е ист како мојот амандман, во групата од 6 амандмани, петиот амандман. Тоа е точно. Меѓутоа, за волја на вистината и јавноста треба да знае дека токму тој амандман се однесуваше на членот 53 од постоечкиот закон, а сега како што гледате г. заменик министре истиот член 53, бидејќи не го прифативте тој амандман, а ќе кажам кои беа другите мотиви да поднесам уште еднаш амандман во видоизменета форма. Сега членот 53 го имам разработено во неколку амандмани кои системски се врзани еден со друг. Тука се додава член 19-а, член 19-6 и член 19-в, што значи дека не е истиот амандман од пратеникот Илоски. Напротив членот 53 сега по подробно се разработува за да ни стане на сите јасно за што се работи и би требало сега да го прифатиме таков каков што е.Дозволете ми сега да кажам кои беа мотивите, да не бидам досаден и на вас и на јавноста и на себе, да го поднесам овој амандман во видоизменета форма.

Пред мене го имам, г. заменик министре, образложението кое ми го имате понудено кон законот за измени на законот за банки. Како што можам аналитички да ја разберам оваа материја, во образложението има 6 причини кои ги наведуваат тие кои не ги нумерирате една по друга, меѓутоа веројатно се хронолошки наредени по самиот чин на значење, зошто се пристапува кон измена на Законот за банки. Дозволете да ве потсетам на она што вие сте ни го напишале, доколку сте заборавиле што сте ни напишале во образложението.

Првиот и основен мотив кој ве натерал да ни поднесете закон за измени на Законот за банки е следниот:

Во периодот по донесување на законот, се мисли на Законот за банки, се случија настани кои ја наметнаа потребата, секоја организирана држава, веројатно алудирате на нашата држава Дека е таква, а не е таква, требало да превзеде мерки за контрола и спречување на влезот на капитал кој потекнува од нелегални извори. Значи дефинитивно оваа Влада се свестила дека фудбалери со по две утакмици во Австралија купуваат цели банки, шофери кои ме возеле со Фити и тн., заедно, исто купувале банки, директори на фондови исто купувале банки и сега за да заличиме на организирана држава се сетила да донесе закон за спречување на перење на пари, и во образложението велите, иако тоа не го кажувате, меѓутоа се чита меѓу редови зошто сте пристапиле токму сега, Дека една од тие мерки, можеби најефикасна, за перењето на пари мислите, е запирање на каналите преку кој се врши трансферот на средствата преку кои се финансираат нелегалните бизниси и организации, како и на каналите со кои се легализира капиталот стекнат со нелегални и криминални активности. Ова, г. заменик министре го пишува вашиот министер. Штета што вашиот министер денес не е тука, да отвориме една посоодветна расправа, меѓутоа вие сте негов заменик и одговарате за сите постапки на тој што ви е номинален шеф. Инаку, министер за финансии кој не доаѓа да го брани основниот закон во финансиската сфера, за Мене добива призвук дека е сепак само министер за реклами, а не и министер за финансии. Штом вие тоа го пишувате, сега ќе се лутите на мене, зошто го прочитав тоа. Сакате лутете се, сакате не, јас го читам она што вие сте го напишале.

Да заклучам по првиот и основен мотив.

Прв и основен мотив за кој се менува законот за банки е токму преку каналите на банкарскиот систем да се спречи перењето на пари.

Втор мотив, велите дека, и се согласуваме со тоа, во тој дел мора да има измени. Втор мотив кој не е палијативен, напротив е суштински, треба да Се изменат деловите од одредбите на Законот за банки кои ги стимулираат овие прашања за стручната наобразба и работното

искуство во банкарскиот сектор, што треба да го имаат членовите на Одборот за раководење со ризикот на банките, за на некој начин да се стеснуваат круговите на ризични пласмани кои и онака, по сите анализи се прилично високи во банкарскиот сектор на РМ.

Трет мотив вие промената на Законот за електронски потпис, и вие за тоа промените во базичниот закон за банки што треба да се направи, кој ќе овозможи примена на електронско банкарство, од страна на постојните, традиционални, во смисла на физичко постоење на банки, што укажува и фактот дека банките во РМ, работат веќе со најсовремени технологии и дека пружаат емел банкарски услуги, и тоа сега за да се стави во некој правна рамка и се согласуваме и со тие измени. Значи како трет мотив, се работи за издавањето на т.н. електронски пари.

Четвртиот мотив кој Ве натерал да ни поднесете Закон за измени на законот за банки, е избор на овластениот ревозор кој Ќе ги проверува и оценува финансиските извештаи и деловните книги на банките, со што исто се согласуваме како опозиција.

Петиот мотив би бил дека во законот треба да се прецизира соопштувањето на податоците кои до вчера биле, меѓутоа виза ви носењето на законот за спречување на перење на пари и на корупција, сега веќе одредени механизми можат да станат достапни одатоци за одредени институции во државата, пред се судовите, полицијата и тн, врзувајќи го тоа во функција на истраги за откривање на нечистиот капитал, со што исто *се* согласуваме.

шестиот мотив, велите дека банките воспоставуваат обврска со централниот регистар, што во меѓувреме исто така се регулира со закон, како јавен сервис на граѓаните, да доставуваат податоци за сметките кои се отворени кај нив, бројот на сметката, називот, сопственикот и тн. Значи со сите шест мотиви од кои приоритетен е, а и законска обврска на овој постоечки закон за банки, како еден од базичните, каде може да се влијае на спречување на перењето на пари, токму ви е првиот мотив што го прочитав, а тоа е во функција на спречување на перење на пари, одредени членови да се изменат. Ако е тоа така, а така е, бидејќи веќе се согласивме со сите ваши шест базични принципи кои ве натерале да го промените законот за банки, тогаш јас отворено ве прашам следното: зошто не го прифативте мојот амандман V ? Зошто? Амандманот V претходно поднесен во скратена верзија токму се однесуваше на член 53 од постоечкиот закон кој, ве молам да го прочитаме заеднички. Тој гласи:

"Банката нема да прима депозити ниту да врши налог за уплата, исплата или пренос на парични средства или други сопствености,доколку има непобитни сознанија или основно сомневање дека сопственоста на средствата потекнуваат од криминални активности".

Значи тоа си стои така како што е, вие не го менувате и ние се согласвуаме што не го менувате.

Мојата интервенција на првиот став од овој член со тој амандман V од соло амандманите поднесени од моја страна, само уфрлаше едно зборче после зборот "сопственост". И интегрално гласеше вака:

"Банката нема да прими депозити ниту да изврши налог за уплата и исплата или пренос на парични средства или други сопствености, како и уплата на капитал, доколку има непобитни сознанија или основано сомневање дека сопственоста на средствата потекнуваат од криминални активности".

Ако вие се согласвуате да не го бришете ова, не го прифаќате уфрлувањето на зборчето "како и уплата на капитал", а вчера, да ве потсетам, ако интегрално е следена амандманската распарва, вие споревте со г. Бузлевски, бранејќи ги тие, група од 10 -12 амандмани од групата пратеници на СДСМ. Токму вие го воведувате називот "како и уплата на капитал", а не само парични средства и трансакции. Одредени членови претходно се изгубени во оваа шума на амандманска расправа. Тогаш тоа не се прифати. Образложението не беше вака како денес на долго и на широко, меѓутоа не беше од една едноставна причина. Кога мојот амандман не го прифативте,

низ материјалите што ги добиваме континуирано низ текот на расправата на седницава, јас добив амандман, да не се негирам себе си сега, но мислам попрецизен и поконцизен во таа сфера, поднесен од страна на пратеникот Милан Ставрев. Амандманот гласеше - по членот 19 се додава нов член 19-а кој гласи: "членот 53 се менува и гласи", покрај тоа што јас го уфрлував зборот "како и уплата на капитал", за да стане попрецизно дека и капиталот што ќе се затекне, или утре што ќе се уплаќа во банкарскиот систем околу купвање на имотот на банките, ќе биде под лупа на Законот за перење на пари. Овој амандман мене ми се допаѓа повеќе од мојот сопствениот. Значи беше попрецизно кажано што натаму да се направи. Дозволете ми сега да го прочитам овој амандман, амандманот што го поднесе Милан Ставрев, после одбивањето или паралелно со мојот амандман што одеше вели дека членот 53 Се Менува и гласи: "Банката ќе одложи или избегне прием и подигање на депозит, налог за уплата, испалта и трансфер на пари и други трансакции со пари, за кои се соменва дека потекнвуаат од криминална активност и дека со нов може да Се врши, или е извршено, што беше над одење над ригорозноста, еден степен нагоре, или е извршено перење на пари, за што веднаш поднесува извештај до Дирекцијата за спречување на перење на пари." И ставот 2 и под истиот амандман на членот 53 вели дека банката веднаш ги пријавува и реализираните трансакции, што мене лично ми се допаѓа, со пари, од ставот 1 на овој член, ако не било можно да се одложи или избегне нивната реализација, како и во случајот, ако по нивното завршување се открие дека трансакцијата вклучува сомнителни средства. Што ве буни овој амандман. За жал и вака добро сложен, добивме веднаш после писмо - ве известувам дека го повлекувам амандманот поднесен по законот за изменување на Законот за банки, поднесен од пратеникот Милан Ставрев. Само со овој амандман јас не можам да влијаам на предлагачот. Тоа е негово лично деловничко право, го искористил деловничкото право и го повлекол амандманот.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сега, за да ви стане вам појасно, токму овие три амандмани што суштински го разработуваат член 53 на постојниот закон, токму се однесуваат на разработување до крај на тој член и фактички значат една комбинација на мојот амандман V од соло амандманите, бидејќи јас учествува во потпишување на амандманите на мојата пратеничка група и комбинација на амандманот на членот 53, што; го поднесе господинот Милан Ставрев. Фактички тоа е искомбинирано и мислам дека сега доаѓаме до најадекватно решение.

Господине заменик министре, ако се согласувате да остане членот 53 вака како што е, и ако во првата точка, што е за мене круцијална во образложението, да пристапите кон менување на цел еден законски текст што се менува во не мал број членови, зошто тогаш опонирате ова да се разработи до крај, а се во функција да биде компатибилно на веќе донесеното законодавство за спречување на перење на пари?

Во тој контекст, подолу ќе дојдеме, да не се расплинуваме сега многу, амандман по амандман да објаснуваме за овие а), б), в) амандмани, токму се прецизира обврските што банката или субјектите или акционерите или граѓаните кои комуницираат со банката од утре ќе ги имаат на релација банка и Дирекција за спречување на пари. Сега, ако ви наредиле овој амандман да не помине, ќе помине на 16 септември. Да не ве буни тоа дека сега нема да помине, па на 16 септември нема да помине. Или, ако мислите дека 16 септември не знам што е...

(Дофрлања од место).

Да, ако ги добиеме изборите, фала Богу. Ако не ги добиеме изборите, дефинитивно ова ништо нема да се спроведува. Џабе зборуваме. Или други ќе ги добијат изборите. Не е проблем кој ќе ги добие изборите.

Значи, не ми е јасно сега кои се базичните причини да опокирате за да не се подобри членот 53, заради што велите во образложението дека токму тој член 53 треба да стане компатибилен и во поедини фази да се разработи со Законот за перење на пари и со Дирекцијата за склучување на перење на пари.

Една од причините и мотив повеќе да се разработи вака

членот 53 е на пример неговиот став 3. Ајде сага и него заедно да го прочитаме. Вели:

"Банката е должна да го извести органот во Република Македонија надлежен за превенција на перење на пари".

Ова е закон донесен пред Законот за спречување на перење на пари а виза ви тоа и пред формирање на Дирекцијата за спречување на перење на пари. Зошто како номотехника да не го измениме, минимум вие како предлагач а не јас како пратеник да давам сега предлози за изменвување, зошто наместо зборовите "органот на Република Македонија" не напишеме како се вика органот, бидејќи во меѓувреме е формиран согласно на Законот и си има сопствено име. Овде е прејудицирана таа одредба дека нешто во тој домен, во таа сфера ќе се прави во Република Македонија. Меѓутоа, ако е веќе формирана, сега вршиме измени, зошто да не ја искористиме таа можност и да кажеме дека сега, наместо да го нарекуваме општо "органот", точно лоцираме кому треба што да се пријавува од таа сфера. Токму на тоа се однесува амандманот б) или в), сега во ова широко образложување не ме ваќајте за збор, ќе дојдеме на ред на тие амандмани, токму е тука подобрувањето на текстот.

Во крајна линија, не знам кои беа причините и не смеам да се мешам во работата на другите пратеници, согласно на Статутот кој има право кога да поднесува, кога да повлекува амандмани, што му пречеше амандманот, на пример на господинот Милан Ставрев, да си остане таков каков што е? Потполно се согласувам со него и тука имам дел инкорпорирано од неговите кажувања, од неговиот повлечен амандман, дека банката може од икс причини денеска, адхок да изврши некоја трансакција, но утре може да се сети дека токму во таа трансакција се вплеткани нечисти пари, нечист капитал и тн.,па отпосле, на веќе извршена трансакција, да реагкра до компетентниот орган во Република Македонија за спречување на перење на пари и фактички и тие моменти треба да се земат предвид.

Значи, да не должам многу, апсолутно ништо повеќе не кажуваме од тоа што е констатирано како состојба во постојниот член 53. Апсолутно. Само правиме еден напор, за да не лутаме утре во субјективни толкувања на определени членови на определени закони, на сите да ни настане забуна во главата. Секое утре прибегнување кон користење на овие, него го упасија затоа што беше политички од другата страна. Не. Него ќе го уапсат утре затоа што нема да влезе во ставот 3 на членот 53. Затоа треба да се прифати и затоа го прецизираме тоа. Инаку, навистина оставаме голем простор за субјективизми, за толкување дури и на шалтерските работници кои ќе работат по банките како да се однесуваат. Се дава поширок простор.

Ако земеме, на пример ноторен факт, кога се носел законот и се прејудицирал закон за спречување на перење на пари, во рамките на носење на антикорупциското законодавство во Република Македонија, сега, апсолутно немате никакво право да опонирате на нешто што е, еве на пример ја откриваме водата дека е мокра. Ние само ги прецизираме овие одредби, да ни бидат на сите јасни. И на тие кои купувале, кои купуваат или ќе купуваат пари со играње фудбал во Австралија и на шоферите кои ги возат таквите, да им е јасно како ќе одговараат пред оваа држава. А не утре да кажете абе, знаете, него го земаа таму затоа што беше од друга политичка провинијенција. Господо, овде се работи за растурање на држава, како што е растурена во моментов Република Македонија. Зошто прибегнвуате, кога и вака да остане овој постоен текст е подобрен отколку оној што го менуваме сега.

Политичка доблест е на предлагачот, ако во точката 1 кажувате за базичните причини поради кои сте прибегнале на промена на цел еден законски текст, политичка доблест е да се каже - да, господо, имаме политичка волја. Затоа што ние овде можеме да донесеме, господо, 1200 закони, какви сакате. Меѓутоа, суштината е дали ние ќе ги спроведуваме тие закони? Не знам зошто ние овде воопшто се заморуваме, се препотуваме, остануваме во рамки на амандманска расправа со денови да докажеме дека навистина немаме никакви причини да нешто опонираме само поради тоа што сме опозиција.

Меѓутоа, за жал, морам да констатирам дека апсолутно се нејасни.

Дај, замолете го тој министер за реклами, кој не личи на министер за финансии, нека дојде еднаш од таа страна. На Комисија за финансирање и буџет, на која сум скоро четири години еднаш го немам видено. Еднаш. На матичната негова комисија. Па, нели е тоа навреда за сите нас кои седиме таму? На парламентарни сесии доаѓа овде како фурија. За три минути сака 35 закони да протурка, па го нема три-четири месеци да го видиме. Се рекламира секој ден како глумица, јавно по весниците и троши мои пари што се рекламира тој, да каже колку е подобар од сите нас. Нека дојде овде и нека каже зошто тој, истиот предлагач, кој го предложи Законот за перење на пари и ние кажавме, имавме доблест, го изгласавме и поднесовме, ако се сеќавате, амандмани од Дедо Ное па наваму да се применува ако сакате, сега истиот тој министер вели е, не може така да се работи по тој закон. Па, зошто го носеше тогаш? За да потроши 100 илјади марки за реклами каков закон донел и да лаже по народот какви отчети да дава на по шест страници во дневните весници? Зошто ни е таков министер? Значи, ние сме овде задолжени да му аминуваме се и да му купуваме џипови од по 200-300 илјади марки. И овде, Илија Илоски ќе се јави, не може,исклучи му го микрофонот....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Илоски ве молам, говорете.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

... Никола Поповски се јави - исклучи му го микрофонот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не говорите за интерпелација на министер, говорете за амандман.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Да, да, говорам министерот да дојде овде за да каже зошто она што ми го пишува во образложението не сака да ми го стави во член од законот.

Јас ја знам вашата позиција господине заменик министре. Ова е политичка Влада. Вие таму политички не сте до крај ни на едната ни на другата страна. А, таму, ако не сте партиски војник, не можете ниту да останете. Така што вие, гледам, цело време се трудите од стручен аспект нешто да се докаже, меѓутоа навистина вие немате политички мандат да одлучите за или против. Вие сте овде наштимани, навиени како компјутер и велите се јави Илија Илоски, не. Апослутно кажувате не. Се јавува друг од десната страна. Зошто не? Зошто, ако не, на крајот на краиштата, не негирате како луѓе кои сме работеле нешто во оваа сфера во финансиите

Навистина е навредливо пена да ми фаќа на устата, овде да се докажуваме, апсолутно да зависиме од еден Никола Груевски кој прави будали од 120 души овде. Ни поднесува два закони пред два месеци, му ги усвојуваме. Сега ни поднеусва да ги разработиме тие два закони, да ги инпретерираме во одредени членови, ви има наредено да ги кажувате овде не. Толку верувате дека тој човек е паметен овде? Тој ли е толку паметниот кој може да направи уједурма овде во овој Парламент? Да расправаме за круцијални прашања од таа сфера, ви се молам, со 10 души во салава овде и утре, замислете какво ќе биде гласањето, колеги. Дали гласавте за амандманот на Илија Илоски?!Тие и не слушаат, од каде знаат за што ќе гласаат. А мене саат време пена ми фаќа устата на таа тема. Еве, да се преброиме, седум пратеници сме овде.

(Реакции и дофрлаша од место).

И, смејте се вие осум кои сте тука.

(Дофрлања од место).

Што стенограмот?

Кој стенограм?

(Дофрлања од место).

А, ќе го прочитате задолжително?! Вие не сте го прочитале законот, стенограмот ќе го читате.

Ние читаме, ако имате забележано она што треба да го читаме..

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Илоски по втор пат ви кажувам дека излегувате надвор од темата на предметот.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Добро.

Затоа барам, без разлика на тоа што го говорам, го бараме и министерот во салата, за реклама и пропаганди во Република Македонија, од неговиот заменик барам да ни образложи зошто на господинот Илија Илоски, за него сум овде господин пратеник и го бирам него овде во оваа сала или не го бирам, зависно од мојата

волја, да ми објасни зошто не го прифати ова и што има лошо во ова што го кажав на крајот на краиштата.

Со укажување, верувајте дека на 16 септември ќе се смени овој закон. Без разлика и да дојде. Не може вака да остане.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Бев спомнат неколку пати во една позитивна конотација и му благодарам на господинот Илија Илоски за високото мислење за амандманот.

Точно е дека е тој така, како што е напишан, но јас го повлеков, па да објаснам зошто. Затоа што во Законот за спречување на перење на пари, членот 26 став 2 го елаборира овој проблем. Истиот проблем. Според тоа семтав дека нема потреба два пати да се инкорпорира во два различни закони. Тоа е суштината. Со мојот амандман сакав можеби да допрецизирам,но веќе во членот 26 став 2, повторувам, тоа е веќе елаборирано. Само заради тоа.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само кратка реплика.

Му благодарам на господинот Ставрев кој сепак покажа доблест да објасни зошто е повлечен амандманот, иако моето стручно мислење не можам да го негирам дека навистина неговиот амандман не беше недобар, туку беше одличен, требаше да остане таков каков што е.

Меѓутоа, образложението во текстот на законот говори, во првата точка, дека токму се оди кон промена на Законот за банки, виза ви носење претходно на законодавството во сферата на спречување на корупцијата, на перењето на пари. Затоа, дел од тие подзаконски акти треба да се разработат со промена на одредени членови. Реков, тоа е негово деловничко право дали ќе го остави или ќе го повлече амандманот. Тука не можам да му се лутам. Меѓутоа не пречи. Тој се согласува како човек кој ги разбира овие работи, се согласува со образложението и предлагачите на законот, само не се согласуваат тоа да го ставиме во член. Зошто? Затоа што така им рекол министерот. Е, па, тоа не е образложение за пред Парламент...

(Дофрлања од место).

Така е Флоровски, како инаку. Така е. Така е. На жалост, така е.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бар азбор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

И овој амандман, како и другите ќе биде ставен дополнително

на гласање.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-б поднесен од Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Овој амандман го прифаќаме, само треба нумерацијата место 19-б, бидејќи амандманот 19-а не го прифативме, треба да биде 19-а.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине, тоа стручната служба води сметка и при нумерација врши пренумерација и така се прифаќа.

Благодарам.

Констатирам дека овој амандман е составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-ф. поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој

амандман.

Има збор господинот Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не се прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Илија Илоски.

Повелете.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Дозволете колеги пратеници да ви појаснам за што се работи.

За она што претходно говорев околу разработката на членот 53 оперативно, кој член комплетно се однесува на создавање на една компатибилност помеѓу променетиот текст, веќе сега на Законот за банки во регулативата за спречување на перење на пари, додаваме нов став кој вели:

"Банката е должна да ја извести Дирекцијата за спречување на перење на пари за веќе реализирани трансакции од став 1 на овој член, ако не било можно да се одложи или избегне нивната реализација, како и во случаи кога по нивното завршување се открие дека трансакцијата вклучувала и сомнителни средства".

Му се извинувам на господинот Ставрев што комплетно му го земав правото на авторство и неговиот втор став го разработувам членот 53 со посебен амандман Тоа е токму од таму препишано, бидејќи мене како економист ми се допаѓа ова. Денеска, колку банката и да има податоци во нејзината аналитика, во базата на податоци, колку да има ноторни факти да спречи одредена трансакција може во безбројните дневни банкарски трансакции да се направи некоја грешка. Со ништо не го спречува наредниот ден субјектите во банката тоа да го приајват во Дирекцијата за спречување на перење на пари.

Сега, господине заменик министре, ве молам дајте аргумент, немојте да кажете не се прифаќа, зошто не се прифаќа? Ако во првиот член од Законот го исфрлате мојот збор само "и друг вид капитал" се согласувате дека комплетно ќе се пријавува секоја сомнителна трансакција. Нормално, не на памет. Туку има и член 2 каде вели дека сознанието од став 1 на овој член треба да произлегува од објективни и фактички околности. Меѓутоа, ве уверувам од секојдневните контакти со банкарите, дека во илјадници денешни трансакции може да биде и една, да ја наречам така, таканаречена лоша трансакција со сомнителен капитал во неа. Зошто утре, ако тоа се открие, не може утре да се пријави? Или, денес да се пријави и отиде возот каде што отиде. Сега, ако се плашите дека шоферите и фудбалерите се откриени веке дека вчера направиле такви трансакции, навистина треба да сме свесни дека тоа до бескрај не може да оди така. Меѓутоа, мислам дека овој член повеќе не се однесува на тоа. Тука има Закон за спречување на пари, закони од антикорупциското законодавство и ќе се тераат работите како што треба да се тераат. Меѓутоа, во функција на априоризаштита и во функција на подобрување на текстот, мислам дека овој амандман немате право да го одбиете. Само го подобрува текстот од првиот став. Ништо друго не прави. Априори се прејудицира една состојба каде што, ако не повеќе, сфатете ме паушално сега, поради замореност на банкарскиот систем на шалтерот може да се изврши некоја трансакција која влучува и инкорпорира во себе нечист капитал.

Ако низ системот на информацискиот систем на банката, книговодството, разноразните хиерархиски позиции на банката се открие таквата трансакција за ден-два-три-пет-пет месеци не пречи ништо да се пријави кај Дирекцијата. Впрочем, зошто е формирана таа Дирекција? За да не и се пријавува, да и се крие на неа? Во спротивно, ако не прифаќате вакви одредби, тогаш да ја укинеме Дирекцијата и да речеме дека таа е свирачко друштво, исполнува музички желби. Намерно, немојте сега некои витални функции во рамките на спречување на корупција на Република Македонија што не става на челна позиција во светот, според многу светски аналитичари, ги правиме токму тие институции некои свиречки друштва. Им ги земаме компентенциите што еднаш, во претходна фаза со други закони и други подзаконски акти сме им ги дале.

Затоа би ве молел, ако не вие, при гласањето на овој амандман, ги замолувам пратениците да го прифатат.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Збор има господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Начинот на известување на сите субјекти, вклучувајќи ги и банките е регулиран во Законот за

спречување на перење на пари, вклучувајќи ги и банките.

Во членот 26, став 2 од Законот стои дека секоја сомнителна трансакција, реализирана или не, субјектите треба, односно мора да ја известат Дирекцијата за перење на пари.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Има збор господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Видете господине заменик министре. Да не се расправаме за некои факти што се нoторни. Во истиот тој член што го цитиравте од Законот за спречување на перење на пари стои вака:

"Банката (т.е. субјектите што вие ги нарекувате) има обврска да ја извести Дирекцијата штом открие и има сознание дека некои банкарски трансакции произлегуваат од валкани пари, а за тоа има објективни и фактички аргументи".

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Така пишува во законот за спречување на пари, мислејќи на, субјектите, овде се во конкретниот случај се мисли на банката. Ако така воопштено тргнувате, зошто вие токму како предлагач, или вашиот министер за реклама и пропаганда ни донесе закон каде што вика, банката нема да прима депозити ниту да изврши налог за уплата и исплата. Зошто на член 53 не поднесете амандман и да го избришеме комплетно тогаш и ќе кажеме дека член 53 не е потребен, бидејќи откога е донесен законот вака во основниот текст како што е, после тоа се донесе Законот за спречување на перење на пари и сите одредби од тој закон за спречување на перење на пари се содржани во тој закон.

Значи членот 53 ја губи комплетната сопствена функција, ако е таа теза што ја развивате вие и докажувате дека не треба да стои ништо внатре. Меѓутоа, законодавецот свесен дека и во едниот и во другиот закон, кој еден со друг не треба да се исклучуваат, туку треба да бидат компатабилни и инкорпорирал тие одредби за да го потенцира значењето на банкарскиот сектор како битен елемент во спречувањето на перењето на пари. Вие перење на пари не можете да вршите кога рударот копа руда, бидејќи тука нема перење на пари, тој копа руда, ја носи со количката до горе. Спречувањето на перењето на пари е токму во тој витален сектор, каде што настануваат сите нечисти валкани трансакции. Сега мислам дека веќе е прашање на политичка волја, паракселанс е ова прашање, политичко дали вие сакате или не сакате да се допрецизира текстот. Ако се прифатат вашите објаснувања дека ова што го кажува господинот Илоски да стои во членот 53 како став 2, 3 и тн. си стои во основниот текст на законот за спречување на перење на пари, тогаш апсолутно нема никаква потреба да се оптоварува овој текст со членот 53.

Тогаш објаснете ми зошто вашиот министер кога го поднесува овој текст и кога сме го изгласале во Парламентот, се објавил во јули 2000 година го ставил токму ова. Замислете што е суштината на ова прашање, затоа велам дека ова прашање е политичко, паракселанс, овде е волја или ќе се искорени во РМ или ќе не нема како Република Македонија. Затоа, во секој член, во секој закон откако се покрена лавината за спречување на корупцијата во Република Македонија, токму вие како Влада ни поднесувате одредби каде што на секој чекор треба сите што се занимаваат со вакви нечесни дејанија ќе се сопнуваат во Република Македонија. Меѓутоа, праксата сега ве сопнува вас. Како доаѓаме до клучните, системски закони кои во пракса ќе заживеат и ќе започне тој процес на спречување на корупцијата во Република Македонија токму на тие закони, велите дека некои клучни одредби да не влегуваат внатре, постојат тие во другите. Ве молам како ќе постојат во другите. Бидејќи постојат, а овој закон досега не е изменет, како што предлагам сега јас и во членот 53 кажете ми еден единствен пример, бидејќи си постоеле тие одредби која банка до ден денешен ја известила дирекцијата за спречување на перење на пари дека еден долар е нечист, или сите трансакции се нечисти. Не да се гнасни, туку смрдат и во Република Македонија и подалеку, пошироко во Европа. Ако експлицитно се каже тоа

не треба никого го навредува. Ако тоа го напише дотичниот министер што се рекламира како Лепа Брена со народни пари, во образложението тогаш е во ред. Ако го каже Илија Илоски не е во ред. Зошто. Затоа што бил друга политичка партија. Тоа нема врска со политички партии. Со политички партии врска ќе има 15 септември, кога ќе излеземе на избори и таму ќе кажуваме на народот кој што мисли дека треба да му се каже. Ова нема апсолутно нема никаква врска со политика, затоа ако се расправаме овде да биде на стручно, компетентно ниво. Апсолутно немате никакви, ама никави аргументи да ме убедите дека не сме во право. Впрочен, губиме време, губиме нерви и се обидуваме за нешто да докажеме што е јасно како ден. Затоа би ве молел барем овој амандман да се прифати.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и по овој амандман и истиот на гласање ќе го ставам со останатите амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 40 поднесен од пратеникот Илија Илоски, како амандман 4.

Го полам претставникот на Владата да се произнесе по предлогот.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас мислев дека барем овој амандман ќе биде прифатен, бидејќи е чисто од техничка природа.

Господине заменик министер, со предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за банки менувате ни повеќе ни помалку 40 членови. Со промена на овие 40 членови, мора да сфатите дека треба да се осави простор кај банкарскиот сектор во одредени делови да се преструктуира во своето работење ако сакате секојдневно однесување. Тоа не може да се направи преку ноќ, затоа што некои можеби ниту не следат сега што зборуваме овде, а впрочем не можат ни тие да прејудицираат кои членови би се усвоиле, кои не би се усвоиле и со амандманска расправа би се изменил текстот на законот.

Затоа, ние треба да им дадеме простор и право тие да се преструктуираат и преорганизираат во одредени свои делови. На што конкретно се однесува овој мој амандман кој е од чисто техничка природа.

Во членот 40 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите "а Ќ8 се применува од 30-от ден од денот на неговото велгување во сила". Значи, убеден сум дека за 8 дена, како што велите вие, со вакви измени да стапи законот во сила тој ќе биде неспроведлив за банките. Минимум да соопштам еден можеби најбаран аргумент. Големи предложени измени на овој закон имаат ургентен карактер особено кај оние членови кои го регулираат спречувањето на перење на пари, кои точно, се повторувам по 100-ти пат дека е основниот ваш мотив да прибегнете кон менувањде на целокупниот текст на законот. Јас одговорно ви потврдувам дека во постоечките статути на банките не е вградена таква регулатива која ги обврзува со статут вработените во банките, така и така да постапуваат и ако сум свесен дека статутот како нормативен акт е понизок во ранг на законот и тие мора да го почитуваат во законот. Меѓутоа, како нормативен акт исто произлегува од статутот во некои одредби од Законот за банки и како таков акт мора да се донесе во банката. Ако се земе предвид ноторниот факт дека статутот го носи и единствено надлежен е да го менува, укинува, преправа и доправа, само Собранието на банката ние се сомневаме дека во банкарскиот сектор во Република Македонија сите банки во комерцијалното банкарство утре се печати во Службен весник и за 7 дена може да свика собрание, затоа што од друга страна годишните собранија на сите банки мора да се поминати зависно со Законот за финансиско работење и Законот за сметководство, поднесување на завршна сметка.

Значи, годишните собранија дури и да се менуваат одредени делови од статутите на банките, мора да се свикаат вонредни

собранија само со една единствена точка на дневен ред, а тоа не е ниту лесна, ниту едноставна работа имајќи предвид дека сите делегати треба да се известат, да се подготви седницата, а според статутите собранието се закажува 15 дена, незнам точно, можеби прејудицирам, меѓутоа рокот за стапување на сила на законот е прекраток од 8 дена. Затоа треба да се прифати во преодните и завршните одредби како техничка исправка на законот. Значи, нека стапи на сила 8 дена, а да се применува на сила 30 дена од денот на стапување во сила, затоа што ние имаме такви закони, на пример таков беше Законот за спречување на перење на пари, сега го носиме законот, ама после 6 месеци ќе се формира тоа и тоа, се во функција на оперативно спроведување на законот. Од тој аспект мислам дека овој амандман не треба да се одбива и да се прифати.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и овој амандман со другите амандмани дополнително ќе го ставам на гласање.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот....................................

Молам, дали некој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ве молам, ама не гласавме по амандманите, не можеме да поминеме на претрес по текстот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се извинувам, во право сте.

Ве молам одиме понатаму.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, со Предлог на закон.

Господинот Александар Гештаковски се јави за збор процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине попретседателе, зошто не одите по предложениот дневен ред кој е утврден од страна на Собранието, од трета точка минувате на десетта.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагам пауза од еден час. (Пауза од 14,5 часот)

(По паузата)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по точка 10 општ претрес.

Пред да ја прекинеме седницата, колегата Гештаковски, се јави процедурално. Нека го искористи тоа право.Господинот Гештаковски се јави пред да ја прекинам седницата.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас се јавив, процедурално прашав и вие треба да одговорите како претседавач. Го поставив процедуралното прашање, вие рековте дека продолжуваме по точка 10. Јас ве прашав и сега ќе повторам, зошто не одиме по редослед како што е утврден од овој Парламент.Точката 3 ја исцрпивте, расправа по амандманите и да преминете на точките 4,5,6 и 7. Вие сте должни да одговорите зошто не работиме така.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да и тоа ќе го направам.Бидејќи немаме доволен број на пратеници за материјално расправање по овие точки 10,11 и 12 ќе одиме по општ претрес. Затоа, сакаме тој дел таа фаза на денешната седница да ја завршиме, а не од други причини. Да не одиме во празно. Дојдовме да работиме, денеска сме тука и тоа што можеме да го работиме ќе го работиме.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Прво, не е точно тоа што вие го кажувате. Бидејќи расправата по точките 4,5,6,7 и 8 не е одлучена потребата, завршена е расправата и Парламентот треба да одлучи да ја утврди потребата, па да преминете на другите точки. Укажувањето на вчерашниот ден кој ви го укажавме дека седницата ќе ја заглавите максимално и не ќе можете да излезете, тоа се случи. Вие имате расправа за уште две точки,немате предмет на расправа. Благодарам. Бидејќи така почнавте и така ќе ги водите седниците, баш сега одиме во празно, без предметно да расправаме и да одлучуваме. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е ваше. Јас ќе ги молам присутните пратеници нека притиснат едно од копчињата, за да

утврдиме дали она што јас мислам дека немаме 61 пратеник сум во право или не сум.

Да притиснеме едно од копчињата.

Имаме 53 пратеници и неможеме да одлучуваме, а бидејќи прет-ходните точки, по нив нема донесено заклучок за донесување на Законот затоа и неможеме да работиме. Овде, по овие три точки имаме можност без да донесуваме одлука да продолжиме по општ претрес. Затоа тоа го правиме.

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на закон за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, мислам дека би било добро прво да знаеме дали Владата ќе има со оглед на тоа дека ова е прва фаза на Законот, а ќе биде и последна, дали ќе има некое воведно излагање, да ни соопшти некој квантификации,што очекува од овој закон, колку средства и тн. или ќе нема. Ако нема од Владата воведно излагање, да знаеме, да бараме и збор. Меѓутоа, ако има да не се случи после тоа заменикот министер да се јави.

За збор се јави заменик министерот за финансии Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Незнам, дали господинот Никола Поповски беше кога оваа точка беше на расправа, само не ја довршивме. Сепак, јас еве ќе дадам едно кратко излагање околу оваа точка.

Со Законот за денационализација се дава можност да се вратат насилно одземените имоти и да се даде надомест, ако тие имоти повеќе не постојат или ако неможат да се вратат заради разни промени.

Со Прдлогот на законот за издавање на обврзници ка Републике Македонија за денационализација се уредува начинот и постапката на издавање на обврзници на имотот одземен во корист на државата врз основа на прописите со кое е вршено општо одземање и ограничување на сопственоста. Врз основа на одземање на имот, заради остварување на општо корисни цели како имот експропиран заради остварување на општо корисни цели односно општ интерес, ако не се исполнети условите за враќање на имот според одредбите за експропријација и бесправна основа.

Со Предлогот на законот се предвидува Република Македонија да издава обврзници за намирување на обврските по основ на надомест,кој во постапка за денационализација се дава во вид на обврзници.

Република Македонија во наредните шест години ќе врши еднаш годишно по една емисија на обврзници за денационализација. Со оглед на тоа што секоја година ќе се врши емисија на обврзници за денационализација во Предлогот на законот се дава овластување на Владата на Република Македонија годишно со одлука да го утврдува износот на обврзниците што ке се издаваат.

Обврзниците за денационализација се издаваат во дематеријализирана форма, гласаат на име и во евра и се неограничено преносливи истите се предвидува да се отплатуваат во денарска противвредност според средниот курс на еврото од курсната листа на Народна банка на Република Македонија на денот на исплатата.

При определувањето на условите под кои ќе се издаваат обврзниците за денционализација се тргна од тоа,оваа обврзница да биде издадена според истите услови под кои се издадоа обврзниците за старото девизно штедење за да не се предизвикаат конкуренции меѓу двете обврзници. Така што едната да биде повеќе барана од другата, а тоа да доведе до нивна различна цена на берзата. Тоа значи дека и обврзницата за денационализација ќе се отплатува во десет годишни рати со каматна стапка од 2% годишно.

Исплатата на номиналната вредност и каматата на обврзниците ќе се врши на 1 јуни секоја година, почнувајќи од 1 јуни 2003 година.

Намените за кои се користат овие обврзници се утврдени во Законот за денационализација и се исти како и намените за кои се користа обврзниците за старото девизно штедење.

Имајќи ја предвид обврската која произлегува од Законот за денационализација, како и потребата за намирување на обврските кон граѓаните по основ на надомест, кој во постапката за денационализација се дава во вид на обврзници, се предлата неговото донесување. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Збор има пратеникот Вачо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас во една прилика реков дека дел од пратениците што седат во овие парламентарни групи сигурно повеќе ги читаат и обработуваат материјалите, отколку дел од министрите, замениците и службите.

Го замолувам ресорното министерство за финансии и господинот Груевски да се посвети према материјалите кои ги доставува од неговото ресорно министерство до пратениците, бидејќи овде седат од оваа страна пратеници кои ги читаат и ги разбираат законите. Ве молам,господине заменик министер, Дуљанов, ние овде што ни ги доставувате материјалите ги читаме и знаеме што доставувате. Вие,по кој знае кој пат давате спротивни одговори од она што го бараме и од она што вие го имате напишано. Вие уште и сега во овој момент направивте еден потег да не потцените како пратеници што, еве,она што го зборувавте, го читавте што го има дадено во предлог законот во образложението. Во материјалите што се доставени што ние сме должни како пратеници да го читаме а јас зборувам од мое лично име и од името на пратеничката група на СДСМ, ги читаме материјалите и нема потреба пред овој Парламент вие материјалите да ги читате повторно што ние сме ги прочитале. Ве молам дали знаете дека ние го имаме добиено образложението, предлог законите и зошто вие сега во овој момент кога бараше господинот Никола Поповски, вие ни го читате она што го имаме пред нас. Имајте респект како пратнеици, без разлика дали сме во позиција или опозиција. Ова е највисок законодавен дом. На нас граѓаните ни дале доверба, затоа што знаеме да ги проучиме, знаеме кои закони да ги поддржиме и да ги надополниме, а посебно вас како ресорно министерство за финансии да ви помогнеме.

Ве молам, во мое име во името на пратеничката група на СДСМ имајте барем доза на респект како институција пратеници, Парламент и највисок законодавен дом. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор.

За збор се јави Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, ние зборувавме на оваа тема и сега пак се навраќаме. Јас еднаш напомнав, а сега сакам тоа да го нагласам, затоа што имам и показатели од граганите кои сосема случајно ги посетив во Крушево, каде зборував дека луѓето она што им е одземено на сила, што е национализирано, многу одамна пред 50 години, сега на кои сакате да им пратите, тоа е добро што сакате да им вратите, само тоа да не биде селективно. Некој од пратенците ми се спротивставија дека тоа не е селективно. Дека е селективно ќе ви кажам со име и презиме и тоа можете да го проветите. Сосема случајно имав можност да се сретнам со човек во Крушево. Се работи за Благоја Гурчиновски, познато име и презиме од Илинденското востание човек и по душа и по срце, кој е прав ВМРО-вец со тие четири свети букви. Бројот на телефонот му е 048 477-009 од Крушево. Нему му е одземено млин во село Бучим. Одземена му е земја, исто така и деловен простор во Крушево. Пред две години има поднесено барање и разговарано е со него дека ќе му се врати и земјиштето и млинот и деловниот простор. За жал, сеуште го немате повикано, иако изминаа две години. Незнам која е причината. Затоа што, е прав ВМРО-вец или има некоја друга причина. Ви го кажав името и презимето Благоја Гурчиновски. Од тие причини, кој му го земал имотот во тоа не навлегувам, туку барам на човекот да му се врати и да не ги враќате објектите селектиовно.

Потра, сакам да прашам за сите оние што од минатото им е одземено, а сега сакате да го вратите тој објект со

обврзници, од каде средства и колку тоа ќе чини. А, кажете што сега им одземате на работниците што ги пуштивте на улица, стечајните работници, тогаш кој треба на нив да им врати. Онаа власт ја повикувам сега што ќе дојде, народот да гласа токму за тие што сега вие им зедовте, ние да им вратиме. Ние ветуваме овде дека ќе им вратиме на сите работници што им е одземено со сила, дека ќе им вратиме. А, посебно сакам да нагласам, мегу кој премиерот точно пред изборите јавно кажа дека сите оние што се обештетени од образованието,од јавната администрација дека ќе бидат обештетени за жал не се обештетени. Тоа значи дека водите слективна политика. Од тие причини нема и да гласам за овој закон. Иако, во принцип сум да им се врати на сите оние што се нечесно и незаконски обештетени.

Ќе ви кажам уште еден друг пример, еднаш го напомнав за кој се сеќавам, бев дете, на улица "Цветан Димов" бројот не го памтам Благоја, луѓето добро го знаат каде се наоѓа, на горното сред село, најубавата кука им е одземена. Беа најмалку четири сестри и двајца браќа. Луѓето ние ги пренесувавме со арабаџиска кола и се под кирија. Дали им ја вратите куќата, нагласувам во Битола Калиновци, бивш фудбалер на Работник, Борче Калинов. Дали на нив им ја вративте куќата. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, почитуван заменик министер, уверен сум дека овој закон, иако навидум мал, навидум закон кој треба да премости некои технички проблеми е еден од наконтрадикторните закони со кој се соочуваме денес. Со неколку примери и со неколку мои опсервации сакам да го соопштам моето мислење во врска со овој закон.

Законот врз основа на Заионот за денационализација е во насока да создаде обврски на државата во однос на издавање на државни обврзници, за да може на сите оние на кои не им се враќа имотот да им се врати во вид на финансиски средства во наредните десет години и со тоа да се одвива процесот на денационализација.

Меѓутоа, она што сакам да го соопштам е следново. Со овој закон можеме да констатираме дека 25 години после осамостојувањето на Република Македонија и 25 години после донесувањето на Уставот на Република Македонија во кој се утврдија принципите на сопственоста и на правото на враќање на сопственоста на кои им била одземена присилно дека нема сеуште да можеме да го решиме проблемот. Секоја влада како доаѓа би сакала на почетокот тој проблем што побрзо да го реши, меѓутоа, со овој закон конечно ќе треба да се закопаат дел од надежите на оние луѓе кои чекаат на денационализација или пак на дел од луѓето, дозволете да бидам и остар, да кажам дека на оние луѓе кои во моментов не се многу симпатични на актуелната власт. Затоа што, станува општо видливо дека актуелната власт почна да ги сегрегира граѓаните и во процесот на денационализација на тој начин што оние кои се блиски до ВМРО-ДПМНЕ, имотот што треба да се денационализира веднаш се враќа во физичка смисла а дека на оние другите тоа не се случува и се оди со издавање на долгорочни обврзници, со оглед дека се над 5 години, со рок на доспевање од над 5 години и да се обештетуваат полека.

Нашиот Устав и нашата држава се создадоа во 1991 година. Првата влада вети дека ќе изврши денационализација а тоа воопшто не го ни почна. Втората влада во два наврати вршеше денационализација, еднаш со законо за приватизација на општествениот капитал, каде што целиот имот што беше под капата на денационализација или имот кој претходно бил насилно одземен, не можеше да се приватизира по тој закон, значи се пренесе директно на сопствениците кои претходно полагале право на него и со тоа им се поделија акции во дел од тие претпријатија. Вториот дел го направи со донесувањето на Законот аз денационализација, кој заради проблеми со Уставниот суд, кои настанаа во текот на неговата имплементација и сите знаеме дека Уставнот суд неколку одредби оспори, мораше да се чека, Законот за денационализација до крајот на тој мандат неможе целосно да се ефектуира. Господине потпретседателе, јас нема да престанам да зборувам, меѓутоа претпоставувам дека и вие сваќате како е да се зборува во сала во

која десет луѓе паралелно со говорникот на глас зборуваат.

Оваа Влада уште на почетокот на својот мандат вети дека ќе го заврши процесот на денационализација. Сега сме соочени со истото дека оваа Влада,исто така започна дел од таа денационализација и далеку од тоа дека ќе го доврши, затоа што оваа Влада се наоѓа на два три месеци пред крајот на својот мандат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Процесот на денационализација не го изведе, туку напротив дури сега на крајот имаме закон со кој ќе треба во наредните најмалку 10-11, а најмногу 16 години да се изврши процесот на денационализација по пат на наплата на државните обврзници за денационализација на оние на кои ќе им бидат издадени. Само да потсетиме, според она што го слушаме и според она што го гледаме во јавноста, обврзниците за денационализација ќе бидат поголем дел од вкупниот денационализиран имот и на тој начин практично поголемиот дел од денационализацијата, преку овој закон, ќе се префрли некаде во годините што доаѓаат од денес или од донесувањето на овој закон во наредните 16 години, имајќи предвид дека процесот на издавање на обврзници ќе трае 6 години, ако се случи некој имот да биде со одлука денационализиран во последната година, ќе се издаваат обврзници, како што јас го разбирам законот, кои ќе бидат на 10 годишни рати во наредните 10 години, што значи од сега 16 години. Од денес имаме отприлика 11-12 години од промените во Уставот, значи вкупно 26-27 години за да се задоволи целосно правдата, што укажува на една многу спора и неефикасна политика што ја води Република Македонија кон овие луѓе.

Вториот проблем што би сакал да го потенцирам е следниот: Додека се одвива процесот на денационализација и додека во оваа сала 10 пратеници најзвучно што може протестираат додека некој од нас говори, во исто време само да потсетиме дека денационализација Владата не ја спровела како што треба само и заради фактот, дека ако го погледнеме пратеничкиот состав што е присутен во ова Собрание физички сега од страна на коалицијата на власт, ќе видиме дека секој втор пратеник е претставник на државниот имот или општествениот капитал во некое претпријатие или врз основа на тоа е претседател на управниот одбор или директор на фирма по пат на откуп на акциите, така што прво ги откупил акциите од државата. На еден или друг начин сето тоа е државен капитал кој делумно е направен со процесот на национализација во 1945, 1946, 1947 до 1950 и некоја година до кога течел тој процес. Ако размислиме, господа пратеници, во моментот кој го користи имотот на оние на кои им е национализиран, тогаш во најголем број ќе треба да ги погледнеме оние пратеници кои во моментот се директори на фирми чиј капитал е општествен и кој би требало да се денационализира или приватизира по итна постапка, меѓутоа тие и понатаму си седат врз основа на акциите кои ги има Агенцијата за приватизација, а со кои управува Владата.Се разбира дека Владата, несакајќи тие акции да ги врати на сопствениците или брзо да ги приватизира, ги доделува преку своите повереници на дел од пратениците овде и тие, врз основа на тоа, стануваат директори.

Оттука, сакам да ги повикам токму овие пратеници кои додека говореше г. Вангел Симев на говорницата гласно извикуваа - кажи кој национализирал во 1945 година. Исто така, гласно да ги прашам:

Господа пратеници, врз основа на чија сопственост седите во директорските фотељи во Тетово, во Гостивар, Охрид, Прилеп, Ресен, Битола, Штип, во претпријатијата кои сеуште се под државна контрола. Вие седите и директорувате со тие фирми врз основа на фактот дека Владта од тој капитал кој требаше да го врати на поранешните сопственици не го врати, го зачува како државен и врз основа на таа сопственост ве назначи вас за директори. Сега вие колку повеќе галамите на господинот Вангел Симев кога соопшти тој, кој ги одзел тие имоти, толку повеќе кажувате јасно и гласно дека токму врз основа на тие национализирани имоти вие во моментов извршувате директорски функции. Ако сакате процесот да се заврши, наговорете го г. Љубчо Георгиевски како премиер на Владата што побрзо имотот да го врати на

старите сопственици и да ви го одземе на вас правото како партија на власт да ве именуваат вие да директорувате со тој имот наместо оние кои треба да директоруваат како своја сопственост.

Ако овие негодувања сакате да ги преточите во дискусија, повелете, а во вториот дел од дискусијата, ако има потреба јас по име и презиме ќе сопшта во моментот минимум 15 пратеници кои овде ги гледам, кои се директори на претпријатија чија сопственост е државна, а која не се враќа на поранешните сопственици. Тоа е еден маѓепсан ланец во кој ВМРО-ДПМНЕ трди дека ќе денационализира, а од друга страна не денационализира, туку со тој имот управуваат повереници кои седат во оваа сала. Ако 1945 година тогашната СФРЈ и Комунистичката партија национализирала, денес слободно можеме да процениме дека ВМРО-ДПМНЕ, на грбот на таа национализација, ги користи правата сеуште да управува со тој имот.

Второ на што би сакал да се осврнам е еден апсурд кој во последно време почнува да се случува во Република Македонија на полето на приватизацијата во врска со имотот, за кој денес Владата ни предложиле да издадема обврзници на државата. Имено, Владата врз основа на законот за издавање на обврзници и врз основа на законот за денационализација сака да издаде обврзници за оној имот кој не може да го врати во натура, односно не може физички да го врати, затоа што според нејзините критериуми тоа се коси со законот што самата си го донесе и се коси со начелата дека тоа треба да се врати во приватна сопственост.

Сега отворено прашувам, ако Владата на Република Македонија ни предложила закон со кој сака да го приватизира "Елекстростопанство на Македонија", ако Владата на Република Македонија работи на проект за издавање или приватизација или издавање на концесии на македонски шуми, ако Владата на Република Македонија работи на проект за приватизација или концесионирање на водните богатства на Република Македонија кои се концентрирани во Јавното претпријатие "Водостопанство", ако Владата на Република Македонија веќе некои од јавните сектори ги продаде, тогаш зошто Владата на Република Македонија води дволична политика и во исто време ги приватизира во директна спогодба јавните претпријатија и води десничарска политика која треба комплетно да го одземе јавниот сектор од Република Македонија, а во исто време на поранешните сопственици не им го враќа имотот, затоа што тврди дека тој имот и понатаму треба да остане во имотот на државата, а врз основа на тоа ќе издаде обврзници.

Тука има една голема контрадикторност, која мислам дека во основа граничи со корупциската идеја на оваа Влада. Ако вие го имате "Електростопанство на Македонија" или ако го имате Јавното претпријатие "Водостопанство на Македонија", Пошта итн и во исто време преговарате некој да го купи за пари, а во исто време оние на кои треба да им вратите имот не им враќате, туку им ветувате пари во иднина, во идните 10-16 години, значи дека водите контрадикторна политика. Поедноставна политика е во приватизацијата на "Електростопанство" прво да соопштите дека сите оние на кои не можете имотот да им го вратите од денационализација ќе го соберете и ќе го претворите во акции на Телеком на Македонија, или во акции на Електростопанство на Македонија и ќе им ги поделите на луѓето, или ако не можете да го вратите целосно во вид на акции, тогаш делови од Електростопанството вратете ги на оние луѓе кои се за денационализација во редот за чекање. Со други зборови, ако сакате некој хотел или некое одморалиште на Електростопанство да го продадете на странски партнер по пат на непосредна спогодба, можеби е подобро прво да го вратите на оној кој има земјиште, кое не сакате да му го вратите со процесот на денационализација.

Меѓутоа, се случува една многу чудна политика. Тоа што го имате како сопственост во државата го продавате, а тоа што треба да го вратите го ветувате дека ќе го вратите во натамошните 10-16 години со пари. Зошто едноставно не се примени политиката се што треба да се врати како денационализација, да се врати токму од ова што сега преговарате да го продавате од јавниот имот.

Значи, средства можат да се најдат во сегашната држава, меѓутоа, тие средства очигледно на чуден начин се политизираат од страна на Владата, со тоа што секаде каде што има т.н. "Проток на чисти пари", во тој случај Владата повеќе би сакала тоа да го продаде, наместо да го врати на поранешните сопственици.

Дозволете да ви прочитам овде, кога се донесуваше Законот за денационализација во 2000 година, што соопшти министерот за финансии, образложувајќи го законот и бранејќи го пред Парламентот. Тоа е истиот министер кој сега ни понуди закон за обврзници. "Имотите се враќаат веднаш", но 2 години после тоа имотите не се вратени, процедурите во министерството - господинот Вангел Симев со кој најчесто не се согласуваме сега е сосема во право - процедурите во Министерството за финансии одат бавно, после 2 години предметите за кои е започната постапката уште со донесувањето на законот во 2000 година не можат да се завршат. Процедурите на поплаки до Прво степено и Второ степена комисија, до министерот итн се во недоглед, па дури се случуваат и изјави дека тој имот е многу за да се врати, што значи дека сепак има некои идеолошки пречки во главата на министерот. Значи, може да се врати се додека тоа не е многу, а ако некој имал многу имот, тогаш треба да помине низ различно сито, особено ако не е член на владеачката партија, на што и г. Вангел Симев укажуваше.

Министерот уште изјави дека надоместот ќе биде во имотот што го поседува државата во објекти, згради итн. Сега гледаме дека надоместот најчесто ќе оди во обврзници, затоа што државата е скржава и шкрта во однос на издавање на објекти.

Господине потпретседателе, господине министер за финансии, на 106 -тата седница на Собранието на Република Македонија, која беше закажана уште пред 10 дена, меѓутоа, не е започната, има еден закон чие име е Закон за продажба на деловни објекти во сопственост на државата. Во тој закон министерот за финансии ни нуди дека државниот деловен простор кој го користи сега Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор ќе може да го продава сопствениот имот не веднаш за кеш пари на тој кој ќе сака да го откупи, туку на 5 годишни раби и создава законски основ некој сега да купи деловен простор и да го отплаќа во наредните 5 години на државата. А во исто време ни нуди закон за обврзници за оние кои претходно биле обештетени.

Сега го поставувам истото прашање:

Зошто министерот Груевски не го повлече Законот за продажба на деловни објекти од ова Собрание и не го повлече Законот за издавање на државни обврзници и веднаш да направи едно вкрстување на тие два закони во министерството и да дојде до следново сознание: Оној деловен простор што тој сега ќе го продава како државен на петгодишни рати на некои идни купувачи, може веднаш да го врати во натура на оние на кои сега треба да им издаде обврзници. Ниту ќе има проблем да го издава, да ги издава обврзниците, ниту ќе има проблем да се мачи да го продава на некои други. Меѓутоа, што е проблемот? На луѓе блиски до министерот Груевски и сличните на него министри во Владата, ќе треба да им се продаде веднаш деловниот простор, а да го платат во наредните 5 години. А ќе го плаќаат на начин што прво ќе го земат од државата и во секоја наредна година киријата од тој простор што ќе го купат, па веднаш ќе го издадат под кирија на друг, ќе им служи за отплата на државата и после 5 години од киријата ќе ги плаќаат обврските кон државата, имотот ќе им остане безплатен. А оние кои го имале имотот, кој државата сега не сака или не може, меѓутоа, ве уверувам дека во основа не сака да им го врати, принципот е не сака да им го врати, им дели обврзници кои ќе бидат во наредните 10 години.

Затоа, повикувам овој закон да го повлече министерот за финансии, да го повлече од Владата и Законот за продажба на деловен простор, со кој овозможува бенифицирано купување од нови сопственици и барем тој деловен простор што е останат да им го подели на оние на кои треба да им издаде обврзници како надомест за национализираниот имот кој сега не може да им го даде. Истото да го направи, доколку влезе во приватизациони зделки и со другите јавни претпријатија.

На седницата од 27 март 2002 година, што значи пред неполн месец, пратениците од опозицијата побараа Владата да достави информација, точка на дневен ред, во која ќе даде извештај за приватизацијата на општествениот и државниот капитал и приватизација на оној дел од јавниот сектор кој со други закони во меѓувреме ќе

го претвори во имот кој може да се приватизира и за тоа да му достави на Собранието информација. Тогаш министерот Груевски го почести Собранието со своето присуство и го изјави следното, цитирам, изјава на господинот министер Груевски од 27 март 2002 година во оваа сала, во која вели: "Владата нема ништо против да се разгледа точка поврзана со приватизацијата" сега внимавајте што вели понатаму "со приватизацијата на останатите неколку проценти што останаа за приватизација, откако оваа Влада го зема мандатот, бидејќи претходно беа над 90% приватизирани". Значи кога министерот сака да соопшти на јавноста дека претходно биле приватизирани сите 90 и повеќе проценти, а на оваа Влада и останале неколку проценти, тоа го кажува, сакајќи да сокрие под черга дека Владата во овој мандат многу приватизираше. Сега да споредиме две други изјави на министерот за истата тема.

Кога министерот нуди државни обврзници сега, врз основа на Законот за денационализација, во законот пишува дека тие обврзници можсат да се користат за откуп на акции од државниот и општествениот капитал од Агенцијата за приватизација, а овде кажува дека останале само неколку проценти. Значи, со овие обврзници нема да може да се откупи, затоа што тие неколку проценти во меѓувреме се приватизираа, се разбира.

Втор пример. Кога министерот Груевски заедно со премиерот Љубчо Георгиевски отидоа во Битола, им ветија на штедачите на ТАТ, ќе ви дадеме државни признаници, непозната форма што ги издава државата како хартии од вредност, со кои вие ќе можете во идните години да купувате акции од страна на Агенцијата за приватизација на државниот и општествениот капитал и така ќе си ги наплатите побарувањата од ТАТ кои знаеме дека се над 100 милиони.

Сега повторно прашувам, дали мисли на овие исти неколку проценти што останале.Сакам да укажам на една тенденција од страна на министерот за финансии Груевски, вклучувајќи го и премиерот на Владата, дека секој ден имаат различна вратоврска на вратот, зависно од тоа кого посетуваат и што кажуваат. Кога треба еднаш да соопштат дека тие ништо не приватизирале, тогаш кажуваат дека тие наследиле, цитирам, "неколку проценти што останаа за приватизација откако оваа Влада го зема мандатот", значи 1 декември 1998 година останале неколку проценти, сега кога ветуваат државни обврзници, покрај другото, на овие граѓани кои се за денационализација им ветуваат акции од Агенцијата за приватизација, им ветуваат на граѓаните оштетени со ТАТ исто така акции од државната Агенција за приватизација, а во исто време вистинските акции кои Владата во меѓувреме ги претвори во акции кои можат да се приватизираат, ги крие. Само на прво одделенец на 1 октомври кога уште не почнал ни да ги учи основните операции по математика му е јасно дека ова "неколку проценти" не може да се содржи во 700-тоте милиони приватизиран Телеком. Само Телеком беше 700 милиони, Македонските Телекомуникации. Ако се 700 милиони неколку проценти, можеме да замислиме колку претходната влада приватизирала, ќе испадне десетина - дваесет милиони долари, што на сите ни е јасно дека е неточно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**(Продолжание)

Сега, министерот за финансии Груевски заедно со неговиот корупциски колега Басник Фетаи и со нивниот главен премиер преговараат за продажба на Електростопанството на Македонија и водат претприватизациони постапки.

Сега повторно прашувам зошто тие акции од Електростопанството не им се ветат на граѓаните на кои не им се враќа имотот од денационализација, туку тиа акции се продаваат на странски партнер за кеш пари кои ќе влазат во државата, а на граѓаните им се ватуваат обврзници во идните 16 години од денационализација. Зошто државата не биде фер и да каже веднаш по продажбата на Електростопанство сите средства за денационализација во утрешниот дан ќе ги исплатиме за обврзниците? Затоа што Електростопанството ќе кошта многу, а Електростопанството инаку за оние кои не знаат математика кошта 0,1 % од вкупната приватизација за што е најмалата фирма со 5 вработени и така Груевски ќе ја смести во неколкуте проценти што останале.

Г-дине Груевски, г-дине Георгиавски, господа од Владата и вие што ја подржувате само Телеком и Елактростопанството заедно коштаат повеќе отколку вкупната приватизација што ја изврши РМ до 1 дакември 1998 година кога ја земавте Владата, што значи дека вие всушност извршивте масовна

приватизација од која , условно кажано , користа на државата во овие 4 години не ја видовме , а ниту оставивте некои фондови од кои допрва ќа видима корист.

Сега дозволете да цитирам еден податок од директрот на ова претпријатија и 145 милиони евра државен капитал или собрана 500 милиони евра удели во претпријатијата што се приватизираат и државен капитал.

Ако 1 милијарда долари се состои во овие неколку проценти, а на нив додадете нешто што допрва ќе се случи со Електростопанството и нешто што се случи со Телеком, тогаш можете да замислите колку лаги, колку невистини и колку манипулации секојдневно се пласираат и со колку манипулации секојдневно не бомбардира министерот за финансии г-динот Груевски само со една цел на сите да ни каже дека ништо не разбираме и дека само тој разбира.

Затоа С9га, покрај другото, во врска со членот 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од Законот за денационализација јас навистина прашувам зошто обврзниците за денационализација да ги плаќаме од Буџетот на РМ кога РМ во овој момент има имот дури и бессоно имот што ВМРО-ДПМНЕ со ДПА сака да го приватизира дури и 693 тој, а кој може да го подели.

Каква е логиката Јавното претпријатие за деловен простор на петгодишни рати да продава дуќани и станови на оние кои Сега сакаат да ги купат, а во исто време на оние кои имаат имот за враќање да не им дозволува да си го повратат имотот и да им ветува обврзници. Со кое право? Средствата од најуспешните, средствата од најголемите јавни претпријатија во РМ ги претвораме во фондови со кои ВМРО-ДПМНЕ сака да води кампања со тротоарчиња, со мовчиња, со чешмичиња, а во исто време буцајки се во гради дека на оштетените од национализацијата ќе им врати имот сега им дава лажичка за наредните 16 години со обврзници за денационализација.

На крајто на краиштата кажете ми го следното: Зошто јас да верувам на Влада која ме уверува мене дека треба да го продаде Електростопанството на Македонија, а во исто време ме уверува дека полигонот Криволак не може да го врати затоа што таму наводно има интереси на АРМ. Оваа Влада еднаш треба да излезе пред Парламентот со своја стратегија што е тоа што сака да зачува во државна сопственост и јавна сопственост, што е тоа што сака да приватизира. Сега Владата, јас Ве уверувам , издава (галама во салата).Г-дине потпретседателе јас ќе ги оставам меѓусебе да се испокараат пратениците што галамат за да можеме да разговараме, што друго да ви кажам. Г-дине потпретседателе Вие не сакате да обезбедите ред и тоа ќе го почитувам како ваша волја, меѓутоа, нема да завршам со зборувањето, или способноста, ако не волјата.

Зошто да верувам на Влада која сега за имоти кои не сака да ги врати издава обврзници, а ве уверувам дека веќе утре откако ќе ги издаде обврзниците за тој ист имот ќе излезе со закон да го приватизира.

Сега на пример Владата ни предложи пред 3-4 месеци Закон за државните органи на управа да ја приватизира Државниот завод за судски вештачења. Владата сега работи на приватизација на дел од Геодетската управа или таканаречени не битни дејности да се исфрлат.

Размислува да приватизира примарна здравствена дејност, а министерот за здравство го слушнавме дека рече целосно ќе ја приватизира . Зошто да верувам на оваа Влада дека ќе ги издаде обврзниците за идните 16 години, а зошто да верувам дека веќе утре нема да излезе со закон да го приватизира тоа што сега не сака да го врати?

На пример објектите од здравството по Законот за денационализација се исклучени од денационализација затоа што се од јавен интерес здравство. Објектите од образованието се исклучени затоа што се од јавен интерес образование. Објектите од одбраната и безбедноста се исклучени поради тоа што се од јавен интерес одбрана и безбедност и да не набројувам. Во меѓувреме еве на 106-та седница го имаме Законот за здравство ни го приватизира здравството во најважниот сегмент примарна здравствена заштита.

Значи, со една Влада со два закони го решаваме следното. Ако сте имале некој објект во кој 1950 година е национализиран и е влезена здравствена установа како јавен интерес, вие по Законот за денационализација не можете да си го повратите објектот затоа што е од јавен интерес. Во меѓувреме Владата ни пушта закон со кој го приватизира примарното здравство и ќе им дозволи на докторите тоа да го купат во примарна здравствена заштита.

Зошто Владата еднаш не го консолидира својот приватизационен биланс , па ако

сака да го приватизира примарното здравство прво, да го спореди со оние кои по основ на денационализација бараат објект од примарното здравство, па да им ги врати нив во физичка смисла, а не да им издаде обврзници, а на други да им овозможи концесионирање или приватизација која, ве уверувам , со оваа Влада ќе биде корупциски проследена.

Истото може да ни се случи и со образованието, истото може да ни се случи и со одбраната. Може утре да се случи откако со овој закон ќе се издадат обврзници за вониот полигон Криволак Владата во преговори со НАТО Советот во Брисел да биде повикана и да си соопшти . Видете, вашата армија која се состои не од 4 туку од 2 бригади за да влезе во НАТО треба да има малку поинаква одбрамбена структура , малку поинакви полигони, волку големи полигони кои биле проектирани за Армијата на СФРЈ која броела 250-300 илјади војници со огромна борбена моќ во споредба со нашата, таков полигон проектиран за таа држава не ви треба, тој е предимензиониран, имате многу буџетски трошоци на одбраната, па ве молиме од него да се отарасите.Прво што ќе апрват господата од сегашната лада ќе го дадат под некакво концесионирање и приватизирање во дирекна спогодба таканаречена за ич пари.

Спрема тоа, ако Владата веќе издава обврзници на оние на кои не им го враќа имотот, мислам дека е најфер прво да излезе пред Парламентот со консолидиран биланс што во нејзината перспектива не мисли воопшто да приватизира и само за тоа да издаде обврзници, а за другото да го врати делот што следува на старите сопственици. Во спротивно, мислам дека и тие и ние , па дури и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се подложни на своевидна манипулација.

Дел од дискусијата ќе продолжам на 106-та седница кога ќе дојде законот за продажба на деловниот простор на државата. Тогаш ќе излеземе целосно , затоа што ако сега ги читам одредбите од законот ќе ме обвините дека е друга седница, а таму го продавате сегашниот имот, а на старите сопственици не им го враќате.

Дури и во такви услови сметам дека Владата минимум треба да го повлече законот за обврзници и да излезе со законот за здравство, законот за енергетика во кој предвидува други дополнителни огромни приватизациони зделки, така што овие неколку проценти ќе се сведат на неколку десетици , а ве уверувам над 50% приватизација од страна на оваа Влада и тоа по правило во погрешни сектори во примарното здравство, во енергетиката и т.н.

На овој закон поднесов поголем број амандмани кои ќе ги образложувам во фазата кога ќе дојде расправа по амандманите, меѓутоа, од овие причини сметам дека минситерот Груевски би било најдобро прво законот да го повлече и да ни соопшти зошто не го враќа имотот на овие граѓани кога во исто време тој имот со други закони го продава или го приватизира под други основи. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Благодарам.

Има збор г-динот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ**:

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници,

Немав намера да дискутирам , меѓутоа, очигледно дека ќе мора да кажам некој збор затоа што мислам дека се искажани неколку невистини посебно од мојот почитуван колега Никола Поповски, па би сакал да расчистиме некои работи тука.

Инаку, најпрвин да кажам дека ќе го подржам овој Предлог за донесување на ваков закон за издавање на обврзници за денационализација затоа што мислам дека на тој начин се исправа една историска неправда направена пред многу години. Имено, очигледно започнува предизборната кампања и говорницата се користи максимално за да се кажат ставовите и гледиштата на одредени политички партии, што е за почитување. Меѓутоа, јас ќе кажам дека ќе беше во ред колегата кој неколку мандати е пратеник во дискусијата да кажеше и нешто друго, а тоа е како го започнаа процесот на приватизација без да се почне со процесот за денационализација односно јас ќе ја разберев правилно неговата дискусија доколку претходната Влада најдеше прво сили да започне со враќање на она што беше нерпавилно одземено далечните 40-ти-50-ти години, а потоа да започне со процесот на приватизација. Колку беше исприватизирано до 1998 година и зошто Законот за денационализација не беше донесен прво како закон за да се расчистат работите, а потоа врз основа на тоа да се прават проценки и анализи што понатаму во државата, како тоа што се исприватизира

во тој период да го надоместат на оние на кои им беше нешто одземено.

Мислам дека навистина е малку чудно да се дискутира на ваков начин и да се критикува оваа власт иако во одредени сегменти се согласувам со г-динот Поповски со она што го кажа, а тоа е побрз начин на враќањето на имотите и за побрз начин на обештетување на тие имоти, како што кажа г-динот Поповски со продажба на деловни простори и т.н. Во тој сегмент се согласувам.

Меѓутоа, уште еднаш ќе повторам , мислам дека е депласирано за оваа работа да дискутираме г-дине Поповски на таков начин.

Понатаму, забележав уште една работа, а тоа е дека кога зборуваше коментираше за селективното враќање на имотите и јас би сакал да ми посочи пример на граѓани кои, заради политичка припадност, не добиле имоти, а ја започнале постапката за враќање на тие имоти.

Имено, јас ќе ви кажам мој личен пример. Нашата фамилија беше една од тие на кои им беше одземен имот. Постапката ја започнавме по донесувањето на Законот за денационализација и колку што знам, а знам добро прво, моравме да ги поминеме сите филтри кои значат правосудство, докажување на сопственоста , актот за одземање на имото па понатаму прогласување на наследници и понатаму барање за враќање на одземениот имот. Понатаму одлука на Комиисјата за денационализација ,процес кој траеше цели две години. Ако е тоа брзо враќање на имотот , тогаш незнам што значи тоа преку ноќ.

Тоа е она што сакав да го кажам, а би сакал да ми кажат примери каде селективно се враќал имото. Имено, за време на враќањето на имотот во Битола беа присутни околу 20-тина наследници на кои им беше вратен имот и колку што знам тие беа од различни политички партии со различна политичка припадност, не беа само членови на ВМРО-ДПМНЕ или блиски до власта. Имаше и од опозицијата.

Се друго што беше кажано во тој контекст мислам дека беше само еден политички маркетинг и од тие причини мислам дека сепак треба да го донесеме овој закон . Мислам дека овој закон всушност и покрај тоа што го враќа имотот после 10 или 16 години со обврзници кои ќе бидат конвертибилни обврзници сепак мислам дека на тој начин се исправа една историска неправда , неправда која беше направена пред многу години.

Благодарам на вниманието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, ова на некој начин се повторува оваа дискусија од пред некоја седница и тогаш навистина има некои голеги кои ги почитувам поради нивната стручност во однос на економските науки во кои се навлезени, па дури се магистри, но ќе истакнам некои мислења кои на некој начин навистина барем фактички ги побиваат тие тврдења. Тука можеме да дебатираме по однос на тоа.

Имено, основната премиса која се кажува кога се спомнува дека обврзници ќе издадела државата е дека се оптоварува државата, дека е тоа многу лошо, дека е задолжување на државата и т.н. Тоа е точно, но дали знаете во светот која е најзадолжената држава? Точно САД, но, на кој начин? Зошто? Зошто САД се најзадолжената држава во светот? Затоа што издаваат обврзници. Затоа што на таков начин ја финансираат сопствената економија, затоа што на таков начин финансирале голем број на проекти. Дали сте слушнале за берзата на обврзници на Њујоршката берза? Не е само тој, имате и во Франција, Франкфуртската берза и т.н.

Значи, првата премиса дека ова е нешто лошо , државата издала обврзници тоа е нешто лошо, се задолжила. Таа премиса, тоа тврдење не држи, не е точно.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ**: (продолжение)

Затоа што тоа е механизам кој што секоја држава во светот го применува. Најефтиниот кредит кој што може секоја држава да си го даде емитирајќи обврзници. Значи тоа е едниот дел.

Второ, каде што колегата Поповски направи грешка е кога кажа дека нека бидат овие обврзници ама само за објекти кои што можат да гарантираат сопственост и тн. Едноставно, не постои такво нешто. Обврзницата е нешто слично со пари. Со парите вие можете се да купите. Ако го погледнете законот ќе видете дека вие навистина дека тие обврници имаат седум-осум точки, со кои што можете покрај трговијата на берза, можете да купувате државен имот, закупи, овде ги има. Значи, едноставно државата да емитира обврзници,

ама тие обврзници да бидат само за нешто. Да речеме, државата може да испечати пари , ама со тие пари можете да купувате само леб и млеко, со тие пари неможете ништо да купувате. Нема логичност во тоа. Имаше една работа која што беше кажана дека во оваа наша десничарска идеологија, ние одиме да приватизираме максимално се ама има контрадикторност токму по однос на оваа ситуација во која што сега одреден дел на тие сопственици кои треба да го почитуваат правото од денационализација, нема да бидат обесштетени, затоа мораат да бидат обесштетени со обврзници. Тука се гледа контрадикцијата. На некој начин колегата Спанаков ја спомна причината зошто е таа контрадикција. Едноставно, точно е дека претходната Влада на СДСМ донесе закон за денационализација. Но ајде да бидеме чесни и да кажеме луѓе колку беше ефикасен тој Закон. Дали познаваме некој во РМ , а јас познавам еден, тоа беше бившиот министер за финансии. Но дали познаваме луѓе во Македонија, кои што се офајдија од тој Закон за денационализација, што го донесе СДСМ. Веднаш по тој Закон или паралелно жестоко се примени Законот за приватизација.Значи тој куршлус што го направивте во политичките сектори останува и сега ние дојдовме во една таква наследена ситуација. Повторно, ајде да ја спoредиме ситуацијата. Дали со овој Закон го критикувате, таков бил, ваков бил, чинел, нечинел и тн. за денационализација, едноставно се поставува прашање дали од овој Закон поголем број на луѓе си го добија заслуженото одземено бсгатство, или со Законот што вие го донесовте. Можеме со многу факти да тврдиме дека овој Закон проработи, можно е дека треба уште да се враќа на луѓето. Еве добив податок дека имало 3000 и нешто барања, 2900 биле решени, незнам колку се поволни. Може да се 50-60% негативно решени. Арно ама, овој Закон ние што го донесовме, сепак проработи. Тоа е основната работа. Минатиот Закон беше за куќата во Охрид на бившиот министер да му се вратела и толку беше ефектот од тој ваш закон. Сега има една работа која што навистина многу е симпатично кога ќе слушнете левичар како ја објаснува десничарската идеологија и на крај како заклучок на сето тоа десничарската идеологија точно, го стимулираат приватниот развој бидејќи во економската криза во која што се наоѓаме само приватната иницијатива ќе не извлече. Во заклучокот на целата таа дискусија, евентуално да се даде во натура. Значи навистина, многу големо карикирање на десничарската идеологија од еден левичар. Значи до таму да се сведеме, евентуално државата во натура да плати. Многу подобро е државата да емитира обврзници. Зошто? Еве ви го кажав примерот со Америка и другите земји, со тоа што емитираат пари и тоа не се вистински пари, но сепак се средства со кои што се тргува, се збогатува, односно се крева богатсвото на една држава. Шест трилиони долари е задолжена Америка на самата себе во вид на обврзници и не и смета. Шест илјади милијарди, сума која што неможеме да ја замислиме. Тоа е една машина која што ја турка американската економија напред и другите економии нешто слично, но не го прават тоа како Америка. Имаше тука кажано една работа по однос на приватизацијата на Телеком навистина тука било кога ќе се каже, јас ќе реагирам по однос на тоа дали Македонија виде фајде од приватизацијата на македонските телекомуникации. Јас мислам дека тоа еднаш го спомнав, но еве сега повторно ќе го спомнам.

Минатогодишната криза ја победивме и мислам дека си ја сочувавме државата, благодарејќи на времената приватизација што беше извршена во декември, односно јануари 2001 година. Овдека кога беше расправата за телекомуникациите, за приватизацијата имав стари весници "Пулс", "Вечер" и тн. 1997 година, каде што се предвидувало, 100, 200, дури и 300 милиони марки да се продаде Телекомот и тоа било полна капа. Акциите на сите светски телекоми после декември месец драстично паднаа. Ако ние не ја извршивме таа приватизација, ќе нанесевме штета. Несакајќи, акциите на берзата паѓаат и растат. За сопствената држава ќе нанесеме штета и најголемата корист што државата Македонија покрај тоа што г-динот Поповски за разни патчиња и мостови пред изборната кампања дека ќе биле правени, најголемата корист е тоа што си ја сочувавме државата. Имаше неколку работи зошто треба да верува, а зошто не треба да верува на оваа Влада. Затоа што дали преку обврзници, дали преку конкретни враќања на имоти, оваа Влада се обиде и во голем број на случаи реши за конкретни случаи кон денационализацијата, меѓутоа, исто така и кон проблемот на девизното штедење, зошто да и верува на оваа Влада. Тоа неколку пати беше реториско кажано. Најверојатно заради тоа што се приближуваат изборите. Потсетете се само на осумте проценти на пензионерите. Зошто да и верувате на оваа власт. Може да не и верувате. Арно ама,

работата е кога ќе поставувате реториски прашања, постојат огромен број на елементи од економската сфера, кој што пробавме како закони и покрај кризата во регионот и покрај целокупната несреќа што ни се случи, сепак пробавме да направиме некои работи со кои што можеме да одговориме зошто да и се верува на оваа Влада, а може да се каже и зошто да не и се верува. Едноставно мислам дека се нема волја пред се, а не дека е лош Законот или не е. Кога пред десетина години СДСМ го донесе Законт за приватизација таков каков што е и 90-тина проценти, приватизирал според цитирањата што ги кажуваат министерот за финансии и преимерот, а од друга страна е рецитат на неколку аргументи зошто е тоа толку контрадикторно, мислам дека направивте и вие грешка г-дине Поповски и министерот за финансии, ама знаете во која смисла грешка, затоа што вие рековте телекомот е приватизиран, го сметате за приватизиран телекомот, а сега прашувате од каде сега со државниот капитал се купуваат средства. Кога се кажува приватизиран, се мисли дека е скоз приватизиран 100%. Практично се мисли на управувачкиот влог. Значи вие кога велите приватизираме, точно, во право сте. Приватизираме, ама уште 47% има РМ. Што значи, кога се кажува дека 90% е приватизиран, се мислело на фирми во кои што веќе управувачкиот блок е влезен во приватни раце. Што значи, обврзниците може да се купуваат и за купување на акции од таквите фирми. Едноставно, со емисијата на таквите обврзници се збогатува и самата држава. Навистина, тоа е долг, меѓутоа така работи модерниот свет. Зошто и ние така да не работиме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Би сакал да го кажам следново.

Првиот човек до г-динот Глигоровски, кој се обиде 20 минути да ме советува, првиот мој човек до него е да си го зачува интегритетот универзитетски професор и во области во кои малку се разбира или воопшто не се разбира, да не навлегува, затоа што во тој момент не личи на човек со основни познавања. Ги меша трговскиот дефицит на САД со буџетскиот дефицит на САД, сопственоста со дивидендите кои се исплаќаат и тн. и влече погрешни заклучоци што е најлошо. На пр, г-дине Глигоровски вашите колеги од Либералната, или од Демохристијансакта десничарска интернационала, веднаш би ве прешкртале и би ве сместиле во левицата кога ги убедувате дека сега се емитува обврзници бидејќи десничарската администрација во Америка мака мачи да го скастри буџетскиот дефицит и да го доведе во позиција на нула, односно да нема дефицитно финансирање на јавните дејности, затоа што сметаат дека е пар екселанс левичарска мерка, така што немојте да навлегувате во тие работи. Администрацијата на вашите колеги во Америка, се бори против буџетскиот дефицит затоа што несакаат финансирање на државата со издавање на обврзници и буџетски дефицит.

Би сакал јас сега да поставам неколку контра прашања. Кога веќе тврдите дека во целиот свет паѓаат телекомуникациските дејности врз основа на што во Македонија Телеком, таков каков што е продаден направи повеќе од 150 милиони марки профит во 2001 година. Фирми кои прават профит на пазарот, нивните акции, или нивната вредност расте.

Второ, државата има 47% сопственост во телекомот, тоа е точно и врз основа на таа сопственост, вие сте таму шеф на Управниот одбор, а дел од вашата функција во Управниот одбор се должи и на национализиран имот кој ќе го користи телекомот сега. На пр. има градежно земјиште национализирано од државата 1947-1948 година, на тоа место се подигнати објекти на Телеком и во името на таа сопственост, вие управувате со него и немате намера да се повлечете од тоа, немојте никого да лажете. Јас да ве прашам нешто. Врз основа на 47% сопственост врз телекомот од страна на'РМ , колку милиони марки ние добивме дивиденди во 2001 год, и колку посто доби врз основа на 51% МАТАФ. Вие нема да објасните, ниту ќе кажете , јас ќе ви кажам. Од 150 милиони марки профит кој го направи Телеком сопственикот со 57% доби 150 милиони, а сопственикот со 47% 0,затоа што пред неколку денови кажа г-динот Манери кој раководи таму дека дивиденди нема да исплати на сопствениците од профитот од минатата година. А таму сопственикот 47% е Македонија.

Сега, бидејќи се обидовте дискусијата да ја пренасочите со многу измислувања на работи, кој јас не ги кажав, јас повторно го поставувам основното прашање. Врз основа на што г-дине Глигоровски вашата Влада и вашиот министер ни нуди закон со кој на оние на кој сме им го одзеле името, како држава зборувам, ќе им дадеме обврзници, а во исто време нивниот имот не го враќаат, а на друга врата преговара да го продаде. Тоа да ми го објасните, зошто државниот имот во

јавното претпријатие за деловен и станбен простор го продавате со закон, на пет годишни рати, без учество, само со плаќање на првата рата, го кредитирате тој што купува, зошто здравтвената дејност ја приватизирата, а во исто време со Законот за денационализација, не им ги враќате тие имоти на граѓаните и уште колку јавни дејности забранети денационализација, во меѓувреме ќе ги продадете, а на сопствениците нема да им ги вратите, туку ќе им ветите обврзници во наредните 16 години.

Врз основа на што сакате вие и вашиот г-дин Горѓи Оровчанец да го приватизирате здравствениот дом во примарна здравствена организација во општината ММ, не е битно која на докторот кој работи внатре, а јас ви гарантирам дека само докторите членови на неговата нова демократија и на ВМРО-ДПМНЕ ќе бидат коцесионирани од вашата власт, а во исто време објектот забранувате да му се врати на оној кој го имал во 1945 година, за што е исклучен од денационализација и му ветувате сега обврзници. Повлечете го законот прво вратете го имотот од здравство, од енергетскиот систем имотот, од јавните претпријатија имотот, од одбраната што сакате да го приватизирате, од безбедноста што сакате да го приватизирате и на крајот тоа што ќе сотане да издадете обврзници. Се додека вкупниот ефективен имот ќе можете да го продадете, го продавате на странци и на ваши членови, а во исто време тој имот не им го враќате, туку им ветувате обврзници на сопствениците, кои се наши граѓани. Јас ве уверувам дека вие имате,  не вие лично власт во Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Поповски ви поминаа седум минути.

**НИКО.ЛА ПОПОВСКИ:**

Еве сега ќе завршам.

Власта во .РМ има манипулативна зла намера и одговорете на тоа прашање, а не на Телеком во кој учествуваме со 47% една марка профит немаме наплатено во 2001 година. Маџарите го покриваат дефицитот во маџарскиот МАТАФ со суфицитот на средства од билансот на македонски телекомуникации.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Беше поставено прашањето зошто сега се предвидува емисија на обврзници, а не се враќаат. Спомнавте само во здравството, во амбулантите и тн. Ваш пратеник од вашата партија рече дека добро ги чита законите, па еве, последната страница од образложението прочитајте ја, ќе видите дека многу погрешно го поставивте прашањето г-дине Поповски. Прочитајте го. Видете дека оваа емисија се однесува на 78 решенија тоа се конкретни луѓе. Арно ама на тие луѓе не е возможно да им се вратат комплетно имотите, затоа што тие имоти веќе влегле во процес на приватизација. Вие го донесовте Законот за приватизација, пред да го решите проблемот со денационализација. Ова не е генерално решение. Прочитајте го убаво Законот. Еве ви вели тука. Тоа се 78 решенија, 233 баратели. Конкретни луѓе со конкретни решенија како им да се врати државата нашла начин на начин на кој што се решаваат многу работи и во другите земји, со емисија на обврзници. Инаку, по однос на десница-левица и по однос на буџетски дефицит. Јас ви признавам дека вие сте експерт по економија а јас не сум, меѓутоа, вие употребивте израз буџетски дефицит, кога јас реков , односно го спомнав долгот на Америка. Не се работи за буџетски дефицит. Можете на ВЕП страницата на Интернет, тоа е јавна тајна за САД и ќе го пронајдете јавниот долг а не буцетскиот дефицит. Јавниот долг на САД изнесува 6 илјади милијарди долари. Значи, има разлика помеѓу буџетски дефици.т и јавен долг.

А што се однесува до прописот на македонски телекомуникации од 47%, 51% МАТАФ, до колку менаџерскиот тим одлучи, сигурно знаете подобро од мене, као се работи во менаџерските тимови. Менаџерскиот тим има право да одлучи една година да не исплати дивиденда на  сопствениците, ама тогаш едните на другите на име на инвестиции, меѓутоа тоа може и за една година да го направи и тоа е стандардно во многу фирми и компании во светот. Еве почнува значи и во Македонија таква работа да се случува.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ**: (продолжение)

По однос на тоа зошто паднаа акциите на Телеком, не заради тоа што народот помалку зборува, или поради други причини. Многу едноставна е причината. Во 2000 година Дојче Телеком плати 48 милијарди долари за лиценца кон германската држава. Бритиш Телеком плати 45 милијарди долари кон британската Влада, за лиценца за третата генерација на телефони. Таа генерација на телефони уште не е дојдена. Не можат да ги извадат парите. Поради тоа што не можат да ги извадат парите, акциите на берза, финансиерите се обидуваат да ги продадат

и да ги вложат парите на друго место за да си добијат дивиденда. Многу едноставна логика. За жал во Македонија берзанската активност не е уште толку развиена за да ни бидат јасни тие работи на паѓање и растење на цената.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**:

Господине Глигоровски, ајде да не се расправаме дали Америка е најзадолжената земја на светот затоа што ќе паднете на првиот испит во прва година на било кој Економски факултет. Сакате повторно да ја изместите темата. Јас повторно ве прашувам истото. Вие разговарате за оние решенија кои се донесени во последната потстапка, седумдесет и осум. Знаете колку иљадници висат на врат. За нив ќе се однесува Законот за обврзници, за тие допрва. Знаете ли во овие две години уште колку предмети стојат закрчени, нерешени во бирократските фиоки на министерот за финансии? Знаете како ќе ги заколат тие луѓе со издавање на обврзници, а не со враќање. Извинете на изразот, фигуративно го кажувам тоа заколат.

Сега да ве прашам, врз основа на Законот за денационализација ако има детски дом кој е јавна дејност, детска заштита, тој дом не може да се врати на сопственикот и државата ќе му издаде обврзници. Ако имате објект во кој е сместена Здравствена уставнова, тоа не може да се врати. Вие за него издавате обврзници. Ве прашувам, зошто во исто време, на овие луѓе на кои припаѓаат објектите им издавате обврзници, а во исто време тие објекти ги продавате на концесионери и на странски компании, па дури и по дикректна спогодба. Зошто директно не им ги вратите објектите. Јас разбирам, ако Законот за денационализација се применуваше во услови во кои тој беше донесен во 2000 година. Нема приватно здравство, примарна здравствена заштита не се приватизира. Сега јас искрено да ве прашам, еве за Криволак има 7-8 хектари кои министерот за финансии не може да ги врати затоа што се воен објект. Јас ви гарантирам дека вие можеби уште утре ќе сакате, бидејќи е предимензиониран, а бидејќи гледам дека амбициите на министерот за внатрешни работи не е на воени полигони да држи воени вежби. Тој ги држи полициските вежби во национални паркови, како вчера во Маврово. Има таму воени полигони а тој вежбите ги држи во нацонален парк. Во Национален парк не смееш дрво да исечеш, а не со гранати да гаѓаш по дрвата. Ве прашувам што ќе се случи ако ги продадете имотите кои сега не ги денационализирате, после два месеци. Министерот за здравство вчера јавно соопшти дека сака цела примарна здравствена заштита да ја приватизира. Во тоа ќе влезат објекти и градежно земјиште на кои објектите се направени, кое не се враќа. Вратете му го градежното земјиште со објектот на тој сопственик. Меѓутоа сега ќе ми кажувате со издавање на обврзници, а не со враќање. Извинете на изразот, фигуративно го кажувам тоа заколат.

Сега да ве прашам, врз основа на Законот за денационализација ако има детски дом кој е јавна дејност, детска заштита, тој дом не може да се врати на сопственикот и државата ќе му издаде обврзници. Ако имате објект во кој е сместена Здравствена уставнова, тоа не може да се врати. Вие за него издавате обврзници. Ве прашувам, зошто во исто време, на овие луѓе на кои припаѓаат објектите им издавате обврзници, а во исто време тие објекти ги продавате на концесионери и на странски компании, па дури и по дикректна спогодба. Зошто директно не им ги вратите објектите. Јас разбирам, ако Законот за денационализација се применуваше во услови во кои тој беше донесен во 2000 година. Нема приватно здравство, примарна здравствена заштита не се приватизира. Сега јас искрено да ве прашам, еве за Криволак има 7-8 хектари кои министерот за финансии не може да ги врати затоа што се воен објект. Јас ви гарантирам дека вие можеби уште утре ќе сакате, бидејќи е предимензиониран, а бидејќи гледам дека амбициите на министерот за внатрешни работи не е на воени полигони да држи воени вежби. Тој ги држи полициските вежби во национални паркови, како вчера во Маврово. Има таму воени полигони а тој вежбите ги држи во нацонален парк. Во Национален парк не смееш дрво да исечеш, а не со гранати да гаѓаш по дрвата. Ве прашувам што ќе се случи ако ги продадете имотите кои сега не ги денационализирате, после два месеци. Министерот за здравство вчера јавно соопшти дека сака цела примарна здравствена заштита да ја приватизира. Во тоа ќе влезат објекти и градежно земјиште на кои објектите се направени, кое не се враќа. Вратете му го градежното

земјиште со објектот на тој сопственик. Меѓутоа сега ќе ми кажувате вие приказни за Дојче Телеком што правел. Внимавајте само да не пропадне Дојче Телеком по вашата филозофија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе колеги пратеници,

На некој начин стана пракса во Парламентот, кога г. Никола Поповски се јавува за збор, навистина да предизвика големо внимание и обавезно предизвика дискусија кај нас членовите на ВМРО-ДПМНЕ. Така што со големо внимание треба да се следат неговите дискусии. Меѓутоа, покрај многуте карактеристики, има една работа кога г. Поповски зборува, навистина зборува многу долго, предолго што навистина губиме концентрација кога го слушаме, а верувам дека и самиот ја губи концентрацијата, па така многу работи ќе нафрли и надвор од она што е тема на дневен ред. Така што се спомна и 106 седница, и Закон за здравство и Закон за продажба на Електростопанство, буквално се во една точка. Кога би бил потпретседател најверојатно би ги завршиле и тие три седници. Но кој ми беше мотивот да излезам на говорница и да кажам нешто.

Господине Поповски, во вашата дискусија навистина наброивте многу работи, меѓу другото спомнувавте таму некакви пратеници, директори, функционери, застапници на државен капитал и тн. Меѓу другото на два пати го спомнувавте Прилеп, дали по грешка дали случајно или намерно.

Јас овде јавно би ве прашал кој од прилепските пратеници е директор во некоја фирма, државен капитал и тн., во сите овие 4 години. Не знам само од кој мотив го спомнувате Прилеп. Не држи место. Ако има таков, кажете го. Меѓутоа, има една друга работа, кога станува збор за прилепските пратеници, барем кај вас беше предуслов или услов, пак кога станува збор за Прилеп, дури и вашите кандидати во 1998 година мораа првенствено да бидат директори за да бидат кандидати. Таа тактика ја знаете и затоа "добро поминавме".

Господине Поповски, значи покрај тоа што Ве карактеризираат долги дискусии, ве карактеризира и една друга работа. Обично сакате да си кажете по некоја невистина или вистина која само вас ви е својствена.

Инаку по однос на денационализацијата и овие забелешки што ги кажавте во врска со обврзниците, еве јас би ве прашал за еден конкретен пример. Во Прилеп имаме Прилепска Пивара, која во времето беше национализирана од одредени сопственици, нели, тогаш кога ја правеле и денес јас не знам како истата да ја вратиме, бидејќи вие донесовте Закон за трансформација на сопствениот капитал, во кој направивте приватизација, воопшто да не ги повикате некогашните сопственици на кои меѓу другото им беше одземена и Пиварата. Таа постои одамна. Сега како ние да го најдеме моделот и како да го вратиме објектот. Што треба да му вратиме, дуќан и тн., или треба да му ја вратиме Пиварата на тие што учествувале во таа работа. Значи едне од модусите се и овие обврзници.

Сакам да кажам, прво, направени се многу грешки, направени се од вашата Влада, а основна грешка е што се донесе Закон за трансформација без да се донесе закон за денационализација. Уште ако се донесеше навреме Закон за денационализација, немаше да има грешки како овој пример што го наброи.

И сега, нема да се ставаме во позиција да носиме обврзници, значи ако имаше простор пред да се приватизираат 90% од претпријатијата во ваше време, имаше простор и место да се враќа многу повеќе имот, но за жал, тој отиде во разна друга приватизација, за да денеска немаме што да вратиме, тоа што имавме се вратило, тоа што немаме мора да се бара начин. Еден од тие е обврзниците. И затоа не гледам навистина причина толку забелешки колку што искажавте. Факт е, меѓутоа, една работа не треба да се заборави, дека денационализацијата или враќањето на одземените имоти токму почна од оваа Влада. Колку е праведна, колку е многубројно враќањето, тоа е моментална оценка. Меѓутоа, факт е дека одреден имот почна да се враќа, и една неправда после 50 години Се исправи. Па и обврзницата на некој начин е сатисфакција за она што е одземено, подобро нешто отколку ништо.

И друг е факт, што вие во ваше време не вративте ништо. Мислам дека тоа е чисто. Донесовте само закон. Слово на хартија.

Толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има реплика пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Сакам да го истакнам следново:

Сега г. Караџовски кажа една принципиелна забелешка, што е во ред. Тоа е дека во 1993 година Се донесе Закон за приватизација, без во исто време и денационализацијата, иако таму имаше одредби кои сега тој сака намерно да ги заборави, но Не е проблем. Тие одредби кажуваат дека на старите сопственици тој дел од акциите во претпријатијата нема да се приватизира и ќе им се чуваат како удели за нив. Сега г. Караџовски токму тоа сакам час и половина да го дознаам од вас пратениците на владеачката коалиција. Зошто тој принцип сега не го примените? Зошто ќе гласате за приватизација на здравствената дејност без претходно да ги вратите сите имоти во кои е сместена здравствената дејност, а се национализирани до 50 и некоја година? Зошто ја приватизирате во исто време кога со законот за денационализација здравствената дејност е тргната на страна од можноста за денационализација? Истото прашање, зошто со Електростопанство го правите истото? Зошто сакате тоа да го правите и со Македонска пошта? Мислите вие дека Македонска пошта не е сместена во објекти кои се национализирани од 1947 па наваму. Македонска пошта има стотици објекти низ цела држава, еве само во Скопје сместена е во објекти кои се и од постар карактер, кои се национализирани, кои се иземени. Сега истото го правите, истата грешка, а јас ве уверувам, на патот на кој сте тргнале ќе дојдете во судир уште со неколку дејности по истиот принцип. Ќе дојдете во судир и со дејностите на одбраната, безбедноста, детската заштита, основното образование, спортот, ќе дојдете во судир со социјалниот систем на државата, ќе почнете да ги продавате тие дејности, врз основа на посебни закони и објектите на кои тие се наоѓаат, а во исто време не им вршите денационализација. Токму ми е тоа за што и вие се залагате, само сега наместо за општествениот капитал да го примените и за државнито капитал во јавните дејности кои сега се предмет на приватизација. Јас и понатаму тврдам, ако државата сака да биде фер, првата приватизациона зделка што ќе ја направи со некој нов концесионер, тоа ќе го заврши. Еве сега на пример Владата од концесионирање, ќе наплати од ОТЕ, колку што кажаа во тој момент над 20 милиони долари. Еве ги парите. Веднаш вратете ги на овие, наместо да им давате обврзници во идните 16 години. Веднаш вратете ги и луѓето ќе бидат задоволни затоа што е непријатно на некому да му вратите 200 хектари имот, а на другиот да му кажете овој не може затоа што на ова место се наоѓа здравствена установа, а после утредента, таа здравствена установа ја продадете на некој друг, или воен полигон кој исто така еден ден ќе го продадете, откако ќе ги исчистите околу себе можностите за денационализација, Затоа инсистирам дека Владата во процесот на издавање на обврзници тоа треба да го направи како крајна нужда затоа што ако за нешто сме должни како држава веднаш да го реализираме, да не создадеме две категории на граѓани, тоа се оние кои се денационализираат, а пари има, особено вака со широк спектар на приватизација на државниот и јавниот сектор кој вие го спроведувате. Зошто на некого да му се враќаат имотите веднаш, а некои во идните 16 години. Истиот случај е. И двајцата се погодени од Законот за национализација во 40-тите години, особено ако државата има можности тоа да го прави. Еве јас ви предлагам веднаш, неколку приватизациони зделки што ги планирате сега, наместо државни обврзници да ги насочите кон денационализацијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Поповски водете сметка малку за терминот. За реплика се јавува пратеникот Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Би одговорил колку што знам на г. Поповски, меѓутоа претходно сакам да расчистам една работа во оваа реплика што г. Поповски ја кажа. Значи една работа расчистивме, конечно слушнавме едно признание од г. Поповски дека кога го носеле Законот за трансформација на општествениот капитал, направиле грешка. Значи дефинитивно имаме признание и сега имаме поука ние да не ја направиме истата грешка. Добро, во ред е тоа да се почитува, значи кој признава понекогаш и му се простува.

По однос на забелешките кога ги кажуваше примерите за здравството, Електростопанство и тн., би сакал да го потсетам г. Поповски дека тие закони се уште не се донесени, дека се уште се во процедура и од кај да знаеме како ќе завршат. Собранието ги носи, не ги носи

Владата. Кога ќе дојдат тие закони тогаш ќе дискутираме по овие забелешки што ги има г. Поповски, Меѓутоа, јас кога зборував, зборував за конкретно реализирани работи. Така да и тоа држи аргумент. Дали нешто ќе биде вака или онака, тоа тогаш кога ќе дискутираме по тој закон. Дали ќе се враќа на некој граѓанин ако тој имот е национализиран ил ине знам што, тогаш навистина ќе држи место кога ќе расправаме по тој закон. Сега да кажуваме односно да предвидуваме што предвидува тој закон и како ќе го враќаме имотот, навистина не држи место кога законот не е донесен, а чисто се сомневам дека тој закон воопшто ќе го донесеме на овој начин како што и работиме. Ние три дена се занимаваме со пет амандмани на СДСМ. Така што г. Поповски сите овие опомени или забелешки кои ни ги давате нас, да не дојде вие да ги решавате после истекот на овој мандат со оглед на тоа што веќе се најавивте како идни победници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Последен пат реплика за г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, вие броите и јас бројам, На Жарко Караџовски му е втора реплика. Имам право на три ако сакам.

Господине Караџовски, политиката во Парламентот, меѓу другото е умешност да се предвидат настаните. Јас предвидувам дека вие и вашата партија ќе гласате позитивно за законот за здравство, и за приватизација на примарна здравствена дејност и за Законот за енергетика, за приватизација на ЕСМ. Тоа воопшто не е тешко да се претпостави. Меѓутоа, од ова што вие го соопштивте можеби ќе ве премислиме па гледам дека Ќ9 барате да се симне тоа од дневен ред. Еве за неколку Дена ако дојде на дневен ред 106-тата седница, јас ќе очекувам од вас вие, сходно на ова што го дискутират9 сега, јас ќе очекувам точката да се симне од дневен ред. Меѓутоа, во тоа чисто се сомневам. Затоа мислам дека овој закон треба да се усогласи со тоа за што сега говоревте.

Инаку во врска со директорите кои сакате да ги спомнам, ако инсистирате премногу ќе ги спомнеме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Доволно е г. Жарко.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Имам право уште на една реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Имате право, ама непишано право.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Пишано е, не е напишано.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Господинот Поповски докажува дека по се изгледа е видовит човек. Току ќе биде видовит и неговата видовитост предвидува дека ќе победат на изборите, па ќе ја видиме и таа видовитост.

По однос на тоа дали ќе ги донесеме законите, очигледно е дека г. Поповски знае и гледам дека има афинитети да предвидува како ќе гласаме.

Господине Поповски, јас ви кажав и во репликата, нема причина јас да барам да се повлекува законот, зборувам за Законот за здравство и за енергетика. Да се дискутира овде на Собрание и да видиме која е кочницата, кој е проблемот. Како текст ќе излезе пак зависи од нас пратениците. Сите имаме право да поднесуваме амандмани. Не можеме однапред да кажеме дека тој текст што е предложен, таков и ќе помине. Праксата многу пати укажува на спротивното.

По однос на директорите, јас ве прашав и би ве повикал да одговорите, кога зборувам за Прилеп. За другите не би дискутирал. Кој од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ од Прилеп е директор, ве молам да ми кажете.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Александар Флоровски и за крај заменикот министер за финансии.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Да, имам збор, но имам колеги кои си прават муабет, не поради тоа што јас ќе говорам, туку и претходно не реагирав крга говореше господинот Поповски. Колку да се солушаме и да ги ставиме аргументите на маса.

За политичкиот дел и моралниот, доколку постои морал, а економскиот ќе го оставиме за, можеби утре кога ќе дојде Груевски или ќе организира тркалезна маса, па можеби некој во идната Влада ќе биде министер за финансии, ако тоа е поентата на вашиот настап денеска. Без да навлегувам колку сте стручни, претпоставувам дека економистите ќе кажат, ова што денеска го кажавте дали држи вода или не држи вода. Инаку, не

паѓам во несвест кога говорите, како што паѓаат некои мои колеги.

Сакам следното да го кажам. Сето ова што е кажано господине Поповски Јсе поверував дека е така, дека не знае, доколку овие последниве 12 години не живееше во државата.

(Поради џагор во салата претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

И преескa ги поменуваше. Томе е потпретседател во моментов, ја извршува таа функција и кога говореше господинот Поповски истото го правеше. Така што нема два аршина, она што сакате да го алудирате.

Ќе продолжам околу она што значи политички дел. Значи, би поверувал во сето она што го кажа дека е вистина доколку не живееше во Република Македонија. Е, де, не живееше на овој европски континент, па не знаел што се случува, заборавајќи при тоа дека сето ова денеска што го расправаме се случувалс кешто претходно за дојдеме до ова што денеска го дискутираме, како закон за обврзници, враќање на имотите, ТАТ, корупциски скандали и сето она што не обременува денеска во државата. Дека ова се филмови во продолженија, дека од некаде почнало. Тоа е тој моралниот дел.

И вториот момент, исто така политичкиот кој е исто така прелетен со самата економија и она што денеска го говориме, го расправаме.

Има една српска мудра изрека што ќе ја кажам на српски, да ми простат пратениците, вели вака "боље икад него никад" и уште една на која ќе се надоврзам "боље ишта или ништа", а во превод тоа значи подобро нешто да ми дадат околку ништо. А, за да стигнеме до оваа ситуација господине Иљовски, вие како статист стоите тука предпоста-вувам, господине Поповски вие сте виновниците, вашите претходници. Затоа што во периодот од 1948 година па до 1952-1953 година, вие се прогласивте за наследници на Вера Ацева и компанија. Не ги знам, сеуште луѓето заслужини за оваа македонска држава. Некои да, некои не. Направивте вистинска хајка меѓу македонското население. Меѓу никој друг. И, направивте буквално ршун да не кажам партал меѓу македонското селанство и граѓанство во тој период. Мислев дека се работи за мала бројка на луѓе две до три илјади, но спомнавте дека илјадници папки стојат во архивите на Груевски. Значи, унесреќивте илјадници луѓе, вие како наследници на претходната партија и имате морал овде да ни држите придики тоа што вие го украдовте, ние го враќаме, дека не сме го работеле добро.

Каде во светот има вие да му земете некому нешто а јас ни крив ни должен да му вратам? Тоа е првоиот момент, моралниот заборавајќи при тоа дека исто така имавте шест години период, исто така да делите лекции но на вашиот премиер Бранко Црвенковски дека мора да се донесе законот за враќање на имотите. Колку попластично, за да разбере македонскиот нарсд. Значи, да го вратите имотот.

Ништо не направивте во тој правец. Владеете сами без опозиција и сега овде ни делите лекции божем ние сме малоумни и не знаеме што се случувало во минатото. Таков луксус немој да си дозволувате во иднина.

Значи илјадници обесправени, затварани кои завршија во мачилиштата во Идризово и градејќи ангарија низ Македонија како дело на вашите претходници. Но, размислувате во тој период, пак по српската како чемо овако чемо, ама не било така, не успеавте да ги искорените наследниците на овие луге и се јавуваат во ликот на Ристо Спанаќов кој со целосно право и максимален морален кредибилитет излегува и говори што он претрпел во минатиот период не само што им било земено, туку и доживувале трауми. Истото она што ни го правеле господине Поповски Грците нас во Егејска Македонија, а го доживеаја нашите родители и по игра на случајноста денеска јас и вие седиме фала му на Бога во овој македонски Парламент како Македонци.

(Реакција на некои пратеници).

Да, разговараме и ќе реплицираме, сакам битка да водам. Аргументирана, не на памет.

Ќе се префрлам на еден друг момент кој исто така ме погоди. Велите дека Георгиевски и Груевски отидоа во Битола, снимаа филмови, не со Милтон Манаки, со некој помодерен режисер дека божем ги враќале парите. Па, заборавате вие дека од ТАТ се опљачкани 150 милиони марки и дека како последица на ТАТ и дека ваши министри во тренерки трчаа и бегаа им ги лапнаа парите на луѓето. И што е најтрагично ТАТ даде повеќе жртви отколку татковинската војна минатата година во Македонија. Преку 200 души починати од срцеви удари, самоубиени и тн. и тн. Тоа е тој моралниот момент господине Поповски кој вие некако го заборавате, или не го паметите.

Исто така морам да ве потсетам дека господинот Бранко Црвенковски од оваа иста говорница, петти, шести пат го споменувам, и додека сум во овој Парламент ќе го спомнувам, затоа што тоа е така, велеше дека ќе се фати во костец со октоподот. Чаирски кажано брада, мижи Асан да ти бајам, такви филмови од Бранко се веќе видени и ние сме од скопскиот асфалт и ги познаваме работите, така да може некој друг да вози, не може нас да не вози. Исто така со еден скопски жар-гон, филмови нека не снимаат и затоа во многу претходни говори кажав дека можеби некој друг човек од СДСМ би му поверувал и би бил поадекватен за премиер, но Бранко Црвенковски прво не смееше да си дозволи од оваа говорница да го лаже македонскиот народ дека ќе го среди октоподот.Има ли образ, има ли морал? Тој е ваш лидер. Како што вие говирите за нашиот лидер дека е влезен во разно разни корупциски канали, за кои што сакаме овде отворено да говориме, аргументирано. Бранко призна јавно овде дека ТАТ постои и како последица на ТАТ имате 200 души починати. Имате ли морал господине Поповски вие и вашата политичка структура. Можеби не вие лично, но сигурно, и верувам дека не сте инволвирани, но ваши луѓе апсолутно беа. Бучковски во тренерки едвај избега со торбите пари.

Исто така треба да кажете што Груевски има направено со Бесник Фетаи, затоа што сакав јас лично да слушнам за што вие го обвинувате овде. Овде од оваа говорница.

(Реакција на пратениците).

Сакам да слушнам, да, за да можам полноважно да одлучувам. Не сакам никој да ми мати ум.

(Реакција на пратениците од место).

Велите дека парите што ќе се добијат од ОТЕ како втора фирма која ќе работи овде со телекомуникациите, од тие пари да се вратат парите на луѓето на кои им се одземени парите или имотите. Сметам дека тоа сепак е владина политика и претпоставувам дека кога би биле во една обратна ситуација, јас да ве слушам а вие да говорите, исто така ќе речете дека тоа е дел од владината политика и дека експертите од Владата сметаат дека ова е поадекватно за македонската држава. Значи, Владата како извршен орган е таа која одлучува дали тие пари се на ОТЕ. Ќе се обештетат луѓето, или не? Сугестиите од таков тип ќе ги оставите за една полемика  кога ќе дојдат овде експертите по финансии.

Исто така спомнав низа корупциски скандали, претходно ве повикав, пак ќе ве повикам, сакам да слушнам лично како Флоровски што е тоа за што имате аргумент. Не верувам на рекла казала, не верувам на пишување на жолт печат, не верувам на купени новинари, на исфрабрикувани работи, верувам на факти и аргументи и заедно со вас доколку има таква работа ќе се спротивставам на тие работи. Значи има доблест кај мене и кај грото пратеници од ВМРО-ДПМНЕ доколку има такви работи јавно да застанат и да ја осудат таквата работа. Таква работа во изминатиот период додека вие владеете не паметам да се случила.

Велите дека не верувате во оваа Влада. Па тоа е ваш проблем. Нормално, да не верувате. Што е тоа чудно да не верувате на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Па, и јас воопшто не верував на вашата Влада, па кој ме праша мене и што е тоа битно дали јас верувам или не. Тоа е ваше право дали вие ќе верувате, а можеби не верувате од една друга причина. Криволак го спомнавте пет-шест пати овде како воен полигон. Утре и Владата на СДСМ да дојде претпоставувам дека како имот никогаш нема да се врати, но треба да се обезбеди. Кој *ќе* биде модусот јас не знам, нека го кажат тоа експертите, но можеби имате и личен интерес, каков Господ знае. Затоа и толку пати е апострофирано...

(Реакцкја на пратениците од место).

Не, дај БОже да им се врати на сите оние што им е одземено. Мене нема што да ми вратат. Мене треба Грците ви вратат, но мене веројатно тој филм никогаш нема да го видам јас, не е ни битно...

(Реакција на некои пратеници од место).

Да, половина имот е имот на вашата сопруга, на фамилијата на вашата сопруга, ако не се лажам. Така наслушнав, колку е тоа точно, колку не, и треба да се врати...

(Реакција на пратениците од место).

Не господине Поповски. Она што го спомнав ќе се надоврзам како сегрегација мислам дека не постои и дека тоа што е ваше треба веднаш да ви се врати. Не може да ги прескокнеме процедурите, секогаш се по викуваме на процедури.

Зошто толку критики околу Законот за враќаше на имотот? Пак ќе повторам. Имавте еден прекрасен период на владеење од 1994 до 1998 година и таква работа не предложивте.Јас колку што памтам голема прашина крена вашиот Предлог-закон кој беше изгласан овде за

забрането пушење во јавни простории. Тој беше единствен закон кој го предложивте вие овде, јас колку што памтам, тогаш не бевме во Парламент и немавме обврска да следиме што се случува. Имавте 62 пратеника Либералната партија над 90 и правевте што сакате. Ние бевме надвор од играта. Можеби тука беше најголемата грешка на ВМРО-ДПМНЕ што се откажавме. Макар и со 20 пратеника ќе имаше колку толку некоја контрола како доб-робит за македонската демократија. Значи, не прифаќам критики за она што можевте да го направите како политичка структура, а денеска кога носиме каков таков закон, прашање на време е колку ќе биде квалитетен и како таков оценет. Вие воопшто не мрднавте од мртва точка. Можевте едноставно да го предложите...

(Реакција на господинот Ило Илоски).

Не господине Илоски, јас говорам во контекст на она што вие говоревте. Јас сигурно ова не го говорам на памет. Некој го зборувал пред мене. Инаку би било небулозно да говорам за нешто што нема врска за дневниот ред. Ова е едноставно одговор на она, еве нека не се обвинувања, како размислувања на господинот Поповски. Моите размислувања се во друг правец, исто така аргументирани за моралниот и политичкиот момент. Економскиот, ниту сум експерт, ниту некогаш ме интересирало. Има експерти ќе си кажат свое мислење по таа работа. Значи, не направивте напори да предложите ваков закон и да излезете пред македонската јавност и пред истите они или нивни наследници кои ги обесправивте едноставно да ја исперете лагата, српски кажано, која беше флена врз нив, или калта која ја фрливте врз нив.

(Реакција на пратениците од место).

Да господа, подобро можеби го разбирате овој јазик, затоа говорам во скопски жаргон.

Значи, водевте сметка за истите оние кои ги опљачкавте, кои ги испративте на робја, водевте сметка колку за ланскиот снег заборавајќи притоа господа дека постои нешто што е над нас, божја сила, јас верувам длабоко во Бога која ги следи сите овие работи. Да не говорам за односот према Македонската православна црква. Се сеќавам во една емисија, истата првоборка Вера Ацева дека ги јавала македонските попови, Боже ми прости. Ова што го правевте, го правеа вашите претходници не само што е грдо, не знам, немам соодветен збор, затоа што прво што направивте ги одземавте имотите на МПЦ и после говорите дека Македонската православна црква премногу се доближила до ВМРО-ДПМНЕ. Па како сакате да ве сака вас атеисти. Ги тепавте, ги затва-равате, ги убивавте, како сакате да ве сакаат. Се им земавте, ги опљачкавте.

(Реакција на пратениците од местс).

Говорам за претходниците, претпоставувам дека овде има луѓе кои веруваат во Бога, не се однесува на сите. И тоа замислете господо оди како пропагандна програма 1992-1993 година во живи настапи на приватните телевизии. Несфатливо за мене. Ова е се во контекст на денешниот закон затоа што има генеза на настаните. Има почеток, има и крај. Крајот дали ќе биде 10 години, 15, 16, како што спомна Поповски, битно е да се почне. Вие не сакате да се почне. Претпоставувам дека утре ако дојдете на власт нема да прекинете со овој проце, но не верувам дека работите ќе се одвиваат токму во тој правец.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (Продолжение)

Исто така уште една интересна случка. Десет пензии по 8% им укинавте на пензионерите. Ние ги враќаме и пак не чиниме. Вие им брцате во око и велите дека друг им брцал во око. Претпоставувам дека ова што го говорам ќе го сфатат гледачите и се трудам да говорам македонски, народно македонски и понекогаш српски, јас сум растен во такво маало и воопшто не ми пречи. Значи, имаме три момента.

Ги враќаме парите на ТАТ во вид на обврзници;

Враќаме имот;

Враќаме пензии, ВМРО-ДПМНЕ пак не чини; (Реакции на пратениците)

ТАТ го направивте вие, имотите им ги зедоа вашите претходници, 8-те посто од пензиите им ги лапнавте да предизборната кампања. Излегувате овде, држите прилики и пропаганди дека тоа што го работиме не чини. Обесправивте исто така 230.000 пензионери. Просекот на македонската пензија е 8.000-9.000 по 8% пресметајте колку пари лапнавте. Од 10 рати ќе испадне, не е баш мала сумата. Но, пак не ви помогнаа парите во 1998 година. Имате вие приватни банки дома, не ви треба државни. Имате капитал надвор.

(Реакција на пратениците)

Дај Боже да имате, дај Боже чесно, да има покритие.

Сега за сега толку, законот апсолутно господине

потпретседателе го подржувам и претпоставувам дека она што го говорев беше во подршка на овој закон, со мали забелешки на она што сметав дека не држи вода. На она што сметав дека е чист политички памфлет и она што сметав дека е во функција на политички маркетинг и предизборна кампања. Како одговор на она што господинот Поповски го кажа исто така да сочекам да обелодени кои се тие скандали и очекувам, можеби не денес, утре, во една отворена дискусија овде, соочени со господинот Груевски да поразговарате, можеби и нешто да научам, да разберам што е тоа што вие како економисти

можете да го презентирате овде. Дали вашите аргументи држат или аргументите на господинот Груевски. Колку во тоа ќе ме убедите ќе видиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека оваа реплика траеше околу половина час, јас само само ќе потенцирам две работи, ама верувајте идниот пат кога ќе продолжи оваа седница господине Флоровски, ќе почнам лево од вас, па позади, па лево од вас и на секој лично од вас, вклучувајќи ве и вас, ќе ви ги споредам имотите кога сте дошле на власт и денес, а заклучоците за корупција ќе си ги извлечете сами.

Она што го заклучив од она што вие го кажавте дека во Македонија во власта на ВМРО-ДПМНЕ нема корумпирани. Таа констатација, бидејќи вие ништо не знаете, ви треба аргументи, ќе се потрудиме да објасниме нешто. Се разбира ќе имам предвид дека вие не прифаќате аргументација од печатот, од новинарите.........

(Реакција на господинот Флоровски)

Сигурно не мислите дека јас сум јавен обвинител па да влезам во министерство да земам документација и д ви документирам. Меѓутоа, и тоа еден ден ќе се случи.

Второ, од она што можев д аго заклучам е дека МПЦ го сака ВМРИО-ДПМНЕ. Тие два заклучока ги изведов од вашата дискусија и ќе ги имам предвид. Мислам дека и МПЦ треба да го има предвид ова што го кажавте дека МПЦ ја сака ВМРО-ДПМНЕ, не и другите. Тоа е многу интересно и би сакал да го следиме и понатаму како факт во Република Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Стојам на располагање, почнувајќи од мене, но ќе продолжиме исто така со вас аргументирано, со факти и аргументи кој со што дошол, кој што имал, кој што спечалил, апсолутно стојам зад тоа, со име и презиме. А, не е мој проблем што вие успеавте само тие дв9 секвенци да ги фатите. Треба да се прашате зошто само толку успеавте да фатите како секвенца, како забелешка. Тоа е ваш проблем.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, ќе се чудев да е некој објективен на ваше место, вие сте пристрасен и како таков ве сфаќам. Апсолутно нема никаков проблем.

Господине Флоровски, идниот пат јас ќе продолжам каде вие застанавте. Први декември 1998 година. Знаете ли колку заборавивте? Знаете ли вие колку заборавивте зборувајќи до декември 1998 година. Ако почнеме за сите 110 министри од 1 декември 1998 година до денес што ги имате избрано и за актуелните 20, значи 130 министри што сте ги избрале и смениле се да разговараме ќе ни треба еден ден, а јас ќе се потрудам на некоја од наредните седници. ама господинот Томе да не ме прекинува да ви кажам кадер вие завршивте и какви одговори имам на тоа што вие го кажавте, од 1 декември наваму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Мислам дека има потреба накратко да се осврнам на некои работи за сите дискусии што денес ги слушнавме, а за да не дојде до дезинформација и да не се створи конфузија во јавноста согласно Законот за денационализација самиот барател односно подносителот на барањето за денационализација го заокружува видот на надоместокот кој сака да му се плати. Тој избира меѓу враќање на имотот што постои доколку е во државна сопственост, акции или удели, надомест на имот од ист вид или обврзници.

Министерството за финансии го подржува обештетувањето на имотот од ист вид се со цел да се издадат што помалку обврзници, односно помалку да се оптерети Буџетот на Република Македонија. Затоа и дадениот надомест кој е проценет на 26 милиони Евра, а од кмои само 2 милиони се предлага да се издадат

во обврзници, а останатите се враќаат во имот.

За ваша информација заклучно со месец април 2002 година по година и пол од започнувањето на процесот за денационализација, до Комисијата за денационализација се доставени 4.142 предмети од кои вкупно се решени 2.968 или 71,66%, или нерешени 1.174 од кои 18% се одбиени бидејќи разликата ги вклучува запрените постапки и отфрлените барања.

Во интерес на времето би напоменал дека во член 72 од Законот за денационализација стои: "Со денот на влегувањето на сила на овој закон, не е дозволено располагање со имот што е предмет на денационализација, како и искористување на таков имот со кое се создаваат обврски на барателот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Колеги пратеници, во овој момент ја прекинувам седницата. Продолжуваме утре во 12,оо часот. При постоење на доволен број пратеници ќе гласаме по амандманите, односно Законот за банките.

(Седницата прекина со работа во 18,30 часот)